**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Третото продолжение на Четириесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 6 јуни 2007 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,35 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата за да можеме да почнеме со седницата.

Продолжуваме со работа по 45-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Лилјана Поповска, Љубчо Георгиевски, Даут Реџепи, Мендух Тачи, Арбен Џафери, Елмазе Селмани, Петар Поп Арсов, Павле Трајанов, Абдулади Вејсели, Радмила Шеќеринска, Лазар Китановски, Борис Кондарко, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Јагнула Куновска, Али Ахмети, Теута Арифи и Фазли Велиу, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со претрес по Предлогот за донесување на законот по 12 точка.

Има збор господин Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван претседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван минисер за финансии,

Сакав да земам учество во расправата околу изменување на законот односно донесување на законот за изменување и дополнување на Законот за даноците на имот, да искажам некое ммое мислење во врска со овој закон, кое е спротивно од она мислење кое што го застапува министерот за финансии и парламентрното мнозинство.

Прво, мислам дека нема потреба да се донесува измена на Законот за даноците на имот во Република Македонија од едноставна причина што со овој закон се воведуваат нови давачки за граѓаните на Република Македонија. Секое воведување на нови давачки во ваква економска ситуација на граѓаните на Република Македонија е предлог кој што не заслужува да добие поддршка ниту од мене ниту од пратениците на парламентарната опозиција и тоа веројатно така ќе биде.

Некои од аргументите што беа понудени во Собранието, меѓутоа и аргументи понудени пред јавноста што е тоа што придонесе навистина да се пристапи кон зголемување или воведување на нови давачки и даноци во Република Македонија апсолутно не држат како аргумент, што на брзо ќе се покаже како исправно. Прво, дека во функција на децентрализацијата во Република Македонија, кога СДСМ говореше за овој процес во делот на изменувањето односно Предлогот за изменување на законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, првиот пат кога го поднесовме како закон или подоцна кога се направија промени во Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа преку амандманска интервенција од страна на СДСМ, тогаш овие аргументи беа користени како - нема потреба од донесување изменувања или такви измени кои вие ги предлагате, заради тоа што општините имаат доволно средства за сопственото функционирање, или не сме направиле доволно истражување како и на кој начин ќе функционираат единиците на локална самоуправа, нема потреба од зголемување на стапката на ДДВ или на персоналниот данок итн., за да сега на оваа седница и оваа расправа од истиот министер да слушнеме дека и те како е потребно да се измени Законот за даноците на имот. Зошто? Заради тоа што на таков начин ќе помогнеме на единиците на локална самоуправа, ќе им ги зголемиме приходите во буџетот со тоа што ќе можат да успеат да се финансираат, на таков начин ќе можат до крај да ја спроведат децентрализацијата итн. Единствено нешто со овој Предлог на закон што денес го разгледуваме во Собранието или со пакет на закони што ги доставивте во Собранието за комунални и административни такси, за кои ќе говориме подоцна, единствено нешто што добивме ние како пратеници и македонската јавност е тоа што признавте навистина дека има проболеми во процесот на децентрализација, посебно во фискалната децентрализација, признавте дека нема доволно средства за локална самоуправа, заради тоа што дел од тие средства со воведувањето на тн., рамен данок им се скратени во централниот буџет, а со тоа и во Буџетот на локалната самоуправа што треба да бидат од страна на државата. Единствената добивка реков дека е таа што ја имаат како информација и пратениците и граѓаните. Инаку, сето друго е во функција. . .

Почитуван претседателе, ќе ве замолам навистина, на парламентарното мнозинство не му е интересно тоа што се покачуваат даноците на граѓаните, ама барем нека не сослушаат и нека бидат коректни.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, за тишина.

**Оливер Спасовски:** Благодарам.

Така што овој предлог посебно за даноците на имот кој што се нуди денес пред Собранието, кој што предизвика реакции и во Парламентот, ќе предизвика сериозни акции и во Република Македонија кај граѓаните, токму во делот на воведување нови давачки кои до сега не постоеле во Република Македонија. Тоа се нови даноци кои благодарение на вашата политика, што ја нудите, а е спротивна на определбите и политиката што ни ја прикажувавте и на нас и на македонската јавност дека ние ќе ги намалиме даноците во Република Македонија - да, ама сега ќе воведеме нови даноци и такси со кои ќе бараме да покриеме дел од тој буџетски дефицит, ама на грбот и на сметка на граѓаните.

Овде во Предлог законот се бара во членот 8 да се бришат две точки. Тоа ќе го прочитам. Значи данок на имот не се плаќа на - се брише: “деловните згради и деловните простории кои служат за вршење на дејноста на обврзникот, освен административните згради и административните простории”. И оваа политика веројатно е во функција на поттикнување на економскиот развој, поттикнување на инвестициите странски и домашни, во функција на активните политики за вработување кои што ги нудите постојано во оваа година дена, а ефектот е рамен на нула. Со ова уште еднаш покажувате дека нема ништо од таква политика и упатувате директен сигнал до граѓаните да не се надеваат на никаква активна политика во делот на вработувањето, заради тоа што вие не ги стимулирате, туку напротив, на нив им ги укинувате бенефициите, на оние кои што сметаат дека има простор, можност, знаење и капацитет да инвестираат во Република Македонија. И тоа е дел од вашата политика која што конечно ја нудите пред граѓаните на Република Македонија, меѓутоа, политика која што не ја нудевте во изборната кампања и за тоа судот ќе го кажат граѓаните на Република Македонија, посебно бизнис заедницата за која говореа дел од моите колеги и навистина продолжете со ваков чекор во делот на вакви стимулации за бизнис заедницата во Република Македонија и сигурно дека, ако зголемите уште некој данок, ќе отворите уште неколку работни места кои ќе придонесат граѓаните во Република Македонија да имаат повеќе вработувња, да имаат поголем стандард. Веројатно со ваквото покачување на даноците ќе можат да се понадеваат и овие стечајни работници кои четири месеци седат во шаторите во Собранието, тоа е вистинското решение, не е решението кое што го нудеше опозицијата.

Не би должел многу околу овие ваши политики во делот на стимулации на стопанството.

Втората одредба која што е во постојниот закон, а која што се укинува, а тоа е: “данок на имот не се плаќа на станбени згради во селските населби во ридско планинските подрачја што ќе ги определи Владата на Република Македонија” и тоа е нов данок кој го воведувате на луѓето кои живеат во ридско планинските подрачја во Република Македонија, тоа се истите оние луѓе за кои опозицијата во делот на измената, односно со донесувањето на Законот за рамномерен регионален развој реагираше кога укинавте пензиско инвалидксо и здравствено осигурување. Сега, не е доволно тоа што им укинавте како право, уште барате тие да ви плаќаат одредени даноци кои до сега не ги плаќале, данокот на имот. И тоа верувам дека е во функција на стимулација на опстојување на селата во овие подрачја, региони итн. Напротив, мислам дека од она што го говоревте во кампањата и што им ветувавте на сите граѓани на Република Македонија , посебно на тие што живеат во вакви подрачја дека значително ќе им го подобрите животот, апсолутно не станува збор за ништо подобро од тоа што го имаат до сега.Напротив, ќе им воведете нова давачка, напротив, ќе им донесете уште едно решение со кое ќе ги задолжите да плаќаат дел од никаквите или скромните приходи кои ги има, а згора на тоа веќе ќе немаат ниту пензиско ниту здравствено осигурување, заради тоа што тоа го укинавте со еден друг закон и еден друг министер.

Навистина господине министре, не знам како и вие ќе настапите пред овие граѓани, заради тоа што бевте носител во втората изборна единица, а еден дел од кампањата прошетавте по козјачкиот крај, Старо Нагоричани, општината итн., со 5000 жители, говоревте дека немале до сега добри услови за живот, дека Владата на ВМРО ДПМНЕ и вие ќе им направите нешто подобро, дека немаат доволно инфраструктура, немаат средства за заживување на нивните села, за ревитализацијата на тие села итн. Сега одеднаш сте тие кои застапувате став и им кажувате и на овие луѓе од таа изборна единица каде што бевте носител на листа, значи зборувам и за Липково, Старо Нагоричани, веројатно и за селата во Скопска Црна Гора, меѓутоа, и за сите други во Република Македонија дека ќе им го подобрите животот со тоа што ќе ги одданочите со одредена стапка на данок и ќе им воведете нови решенија кои ќе ги добијат за плаќање на овој данок на имот.

Би сакал исто и сега како и во изборната кампања да тргнете по овие села, имате впрочем задолжение од премиерот и да им кажете: моето подобрување на животот кое што ви го ветив во изборната кампања е со воведувањето на данокот на имот и ако имате уште некоја таква политика, за воведување на нови даноци, да им соопштите пред време, да знаат дека ќе воведете нови давачки и даноци. Тогаш верувајте тие добро ќе проценат како и на кој начин вие делувате. Ако до сега во овој претходен период не плаќале ништо за имотот кој што го имале таму со цел да стимулираме развој на овие селски региони, да стимулираме за држување на луѓето во тие селски средини, вие очигледно избравте политика која е спротивна на таквите стимулации, избравте политика до крај да ги опостошиме овие села, избравте политика со која реков прво укинавте право на здравствено и пензиско инвалидско осигурување за истите лица кои живеат во ридско планинските подрачја во Република Македонија, сега им воведувате и нови даноци. Таквата политика која што ја нудите пред Собранието на Република Македонија таквата политика која што кажувате на почетокот дека еве ќе го намалиме данокот на ДДВ за земјоделците истите тие земјоделци почувствуваа ефект нула, од еден таков данок. Ќе ги намалиме сите други даноци, ќе воведеме рамен данок во Република Македонија, пак почувствуваа нула заради тоа што директно и локалната самоуправа што добива дел од средствата сега им се намалени.

И на крајот и воведувате нов данок на имот. Значи, ако досега не плаќале ништо сега оваа

година, за другите закони веќе од наредниот месец, ќе имаат плус на нивните сметки. Нема потреба да ви покажуваме повторно телоп или не знам што, овдека мојот колега Поповски вчера покажуваше, па вие реагиравте дека не се точни. Самите граѓани ќе си ги видат сметките кои што ќе им дојдат дома, со кои што ќе ги задолжите да плаќаат одредена сума на пари и тогаш нема да биде потребно објаснување, ниту од страна на опозицијата ниту од ваша страна. Едноставно сами ќе проценат дека имаат минус во сопствениот буџет кој што е и така мал, посебно за овие луѓе од ридско-планинските подрачја во Република Македонија. Таква политика со која што реков ќе ги одданочите граѓаните во Република Македонија, ќе ги одданочите бизнисмените и оние кои што имаат намера да инвестираат во Република Македонија за да се зголемат вработувањата и да реализирате активни политики во вработувањата, тука што нудите во Собранието не заслужува поддршка, таква поддршка нема да имате ниту од мене ниту од колегите од СДСМ, меѓутоа таква поддршка нема да имате ниту од граѓаните заради тоа што тие очекуваат според ветувањата да намалите дел од трошоците што вие ги правите во Владата за кои што многу пати говоревме тука и дел од тие средства да ги пренамените во финансирањето на единиците на локална самоуправа како инструмент на успешно спроведување на децентрализацијата на Република Македонија. Реков, сега добивме само признание дека има проблеми или застој во спроведувањето на децентрализацијата, посебно во фискалната децентрализација и ништо повеќе од тоа. И, добивме нови двачки и даноци во Република Македонија.

Е, од тие причини, јас ќе бидам против овој закон. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збор има господин Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Преку нашиот пратеник Азис Положани го кажавме нашиот став во однос на овој Предлог на закон. Ние, како парламентарна група ДУИ-ПДП мислиме дека би било добро да се повлече овој закон, затоа што навистина мислиме дека нема потреба да се зголемат даноците.

Така што, на некој начин, се наоѓаме пред една навистина специфична работа. Но, ќе го почитуваме тоа што законот го има симболот на Европската Унија, за исполнување на стандардите што се бараат од нас, но и самото тоа е знак дека законот треба да се донесе со двојно мнозинство. Тоа значи дека се наоѓаме пред еден вистински предизвик, до колку законот не се повлече, ние ќе гласаме за, бидејќи не сакаме да бидеме пречка или да ја споделуваме одговорноста за тоа што политиката на оваа Влада, во однос на интеграцијата на земјата во Европската Унија или НАТО, уште еднаш повторувам, не сакаме да сносиме одговорност, иако нашите забелешки беа и остануваат оние што ги кажа господинот Положани, дека нема потреба да се зголемуваат даноците. Затоа мислиме дека граѓаните ќе бидат тие кои ќе бидат оштетени, пред се населението кое живее во руралните средини.

Уште еднаш ќе нагласам, бидејќи не гледам подготвеност од мнозинството да го повлече законот, и се разбира, да се направат некои исправки кои нема да бидат на штета на граѓаните, уште еднаш ќе нагласам дека ќе го поддржиме Предлогот на законот, само затоа што имаме договор законите што се однесуваат на стандардите, ние како парламентарна група ќе гласаме за. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** За збор се јави господинот министер за финансии, Трајко Славески, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Едно мало појаснување. Благодарам, особено на последната дискусија за, навистина, ако може уште малку да се убедиме дека носиме закон што е во вистинска насока, што ќе помогне на единиците на локалната самоуправа во зголемувањето на нивните приходи, а никако нема да биде на штета на граѓаните, уште неколку дополнителни аргументи.

Молам да бидеме прецизни. Најголемиот дел на пратеници кои дискутираа го користат терминот "зголемување на даноци", "воведување на даноци", "воведување нови даноци" и тн. Ниту едното, ниту другото е точно. Ниту се воведува нов данок, затоа што постои Закон за даноци на имот. Затоа што даноците на имот се дел од нашиот даночен систем.

Ниту се зголемува данок. Данок се зголемува кога се зголемува стапката по која што тој се применува или што се применува при оданочувањето. Стапката останува на диспозиција, или на одлука на единиците на локалната самоуправа и ќе изнесува, како што е во законот меѓу 0,1% и 0,2% од пазарната вредност на објектите што се предмет на оданочување.

Почитувани, затоа што само беше попатно спомнато дека ова е, на некој начин, иницијатива што Министерството за финансии се одзва, а ја даде ЗЕЛС, дозволете само неколку реченици од нивните две барања, потпишани од претседателот на ЗЕЛС, доставени едното во февруари а другото во април. Тие бараат токму она што ние го предложивме како Предлог за измена и дополнување на Законот бришење на ослободувањата по токите 5,8, 11 и 12 од членот 8, што се однесуваат на ставките што се тука приложени.

Особено, она што се смета за сензитивно за руралните и селските подрачја, тие експлицитно го наведуваат во нивното барање со следниве реченици:

"Сметаме дека со вака предложената измена на Законот за даноци на имот на општините би им се овозможило да генерираат значително поголеми приходи по основ на данок на имот. А

особено (ова го повлекувам а особено) во руралните општини кои имаат огромни капацитети, кои категории се опфатени со даночните ослободувања предвидени со овој закн.

Исто така, на општините би им се овозможило да водат самостојна, социјална и развојна политика односно даночните олеснувања и ослободувања по основите за кои се бара укинување, во целост да биде предмет на проценка на органите на поединечните општини".

Исто така, претходно ја објаснуваат оваа иницијатива, односно барање со следнава реченица: "ЗЕЛС бара даночното ослободување по овој основ да биде целосно укинато, бидејќи истото претставува значителна загуба на дел од изворните приходи на општините, особено што ваков вид на инструмент не е познат во ниту една земја во рамките на Европската Унија". Се мисли на таквите даночни ослободувања.

Значи, уште еднаш ве уверувам дека ова никако не е на штета на граѓаните, напротив. Единиците на локалната самоуправа процениле дека тоа ќе биде во корист на граѓаните, затоа што овие средства ќе им се вратат на граѓаните.

И, уште едно мало објаснување за господинот Спасовски, во делот на неговата дискусија.

Не е точно дека оваа мерка се предлага заради некое наводно губење во Буџетот, некаква компензација. Ќе илустрирам со следново.

Јавно се објавени приходите по основ на оние даноци чии што ставки се намалија оваа година со воведувањето на процентот на рамен данок. Приходите одлично се остваруваат. Имаме преку 2,5 милијарди денари поголеми приходи отколку што беа планираните. Се надевам дека трендот ќе продолжи и во иднина. Немаме никаква причина од некакви компензации.

И ова, ако е компензација, ќе требаше да важи од денот на донесувњето на законот. А, ние предлагаме да оставиме доволно простор во општините да се подготват за регистрирање на објектите и наплата на овој данок до 1 јануари 2008 година. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Само една кратка проверка да извршиме за репликите.

Господин Јани Макрадули реплика или збор?

Реплика.

Господин Марјанчо Николов, претпоставувам реплика.

Господин Ацо Киров, исто така реплика.

Претпоставувам реплика и Оливер Спасовски.

Господин Никола Ќуркчиев, реплика.

Господин Слободан Најдовски, реплика.

Тогаш, ќе одиме по редот на пријавувањето.

Реплика има господин Јани Макрадули.

Вашите три минути, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Господинот министер може со епитети или со менување на зборовите да бара алиби или аргументи, но факт е дека со овие законски измени граѓаните ќе плаќаат повеќе даноци во Република Македонија.

Данокот на имот постоел како закон. Но, во тој закон членот 8 точките 5 и 8 велеле дека деловните згради, деловните простории кои што служат за вршење на дејност на обврзникот не плаќаат данок на имот. Сега ќе плаќаат данок на имот. И тие 0.1% до 0,2% можеби за министерот се малку. Но, за многу стопански субјекти ќе бидат многу. Посебно ќе бидат многу за оние кои инвестирале без да знаат дека, кога ќе победи ВМРО-ДПМНЕ ќе им се зголемат даноците. И, за халите од 4000-5000 квадрати, како инвестиција, макар и странска или домашна се исто, биле направени, сега ќе треба да плаќаат повеќе. Ќе им се промени сметката на компанијата и ќе мора да балансираат. Или тоа ќе го направат со зголемување на цената на чинење на производот што го прават, или ќе го прават тоа, можеби, со отпуштање, за жал, на некои вработени, но тие пари треба од некаде да ги најдат.

Затоа, ова ќе биде удар врз стопанството, ова ќе биде удар врз граѓаните кои имаат објекти во селските населби, во ридско-планинските подрачја а сакаме да ги привлечеме луѓето да се вратат таму. Тие неминовно, ќе плаќаат повеќе.

Дали тие ќе ги кажеме со некоја метафора, дали ќе ги кажеме со многу епитети, се исто им е на граѓаните и на стопанствениците, бидејќи тие ќе плаќаат повеќе.

Ова требаше да го реши со Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Не се прифати од 3% на 4,5% да се зголеми процентот што ќе се издвојува од персоналниот данок, затоа што ако толку се полнел Буџетот, зошто тогаш реализацијата на Буџетот е катастрофална? Имаме четири министерства со 0% инвестирање во капитални објекти.

За жал и медиумите веќе оценија дека овој министер за финансии нема капацитет да го спроведе извршувањето на Буџетот, централната власт нема чувство како да соработува со ЗЕЛС. Затоа што, ако го почитуваше ЗЕЛС, ќе ги прифатеше нивните забелешки за Законот за полиција и рамномерниот регионален развој. Но, кога државната каса не можеме да ја наполниме или не можеме да ја потрошиме, се повикуваме на друго.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реоплика има Марјанчо Николов, повелете вашите три минути.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Прво, искрено ми е жал што министерот се обидува одговорноста за решението предложено од Владата не да ја брани како предлог на Владата, туку сега да се брани дека имале сенс или чувство да ги послушаат ЗЕЛС и тие

повторно, како конструктивна власт, да им излезат во пресрет.

Тука се отвораат многу прашања. Зошто не ги послушаа кога бараа зголемување на зафаќањата од ДДВ? Зошто не го дадоа мислењето по однос на Законот за рамномерен регионален развој? Зошто не го кажавте мислењето на ЗЕЛС по однос на измените и дополнувањата на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа? Туку сега, едноставно се обидувате, она што сте го предложиле, а сте го предложиле затоа што не сакате да се откажете, како Влада, од дел од своите приходи што ги остварувате по други основи и решивте спасот за децентрализацијата, велам “спасот” да го барате преку зголемување на давачките на стопанските субјекти и на граѓаните кои живеат во селските или руралните подрачја.

Бидете принципиелен господине министре и кажете Владата стои зад овој концепт, а не дека толку сте биле толерантен и сте ги послушале ЗЕЛС и сте им излегле во пресрет.

Ова е повторно уште еден начин да задскирете тоа што всушност се прави. Така беше и со персоналниот данок на доход. Објавивте дека ја намалувате стапката. До сега, од говорница јавно признавте дека приходите ви се зголемени. Веројатно, во најголем дел благодарение на основицата што ја проширивте по основ на која што вршите зафаќање на плаќањето на персоналниот данок на доход. Со вакви решенија, повторно нема да го решите финансирањето на единиците на локалната самоуправа.

И еве, бидејќи рековте дека имате многу експерти за локална самоуправа и за финансирање во Министерството, кажете некоја компарација со други европски земји колку се зафаќањата со трансфери на општините во однос на, еве, процентот БДП на тие земји или по основ на прихдите што се одвојуваат од Буџетот, па да видиме и тука Македонија каде е, бидејќи сугурно ќе биде најдолу. Сигурно дека има многу простор, но по тој основ, односно во зголемувањето на процентот на ДДВ што ќе се одвојува за финансирање на единиците на локалната самоуправа тука да се бара решението, а не да го барате решението во нови давачки, во зголемувњето на комуналните такси или во зголемување на административните такси. Мислам дека решението е многу погрешно.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика има Ацо Киров, повелете вашите три минути.

**Ацо Киров:** Благодарам.

Почитувани колеги пратеници, почитуван министре,

Еве и јас би сакал после кажувањето на министерот дека овде ние не зборуваме за зголемување на даноците на веќе постојните оданочувања, туку ние од СДС зборуваме дека се воведуваат даноци што до сега не биле воведени. Тоа се однесува за деловните згради и деловните простории што до сега не беа оданочени, а особено на деловните згради во ридско планинските подрачја, каде што станбените згради во ридско планинските подрачја, каде што воопшто до сега не беа оданочени.

Во нашите дискусии вчера и денеска кажуваме дека тоа не е зголемување на данокот и ние стоиме зад тоа дека не е зголемување, туку е тоа едно ново оданочување што со досегашниот Закон не беше воведено. Тоа значи дека овие даноци не се плаќале.

Јас се јавив за реплика, колегата Марјанчо Николов го кажа тоа веќе, бев испровоциран со тоа што министре, вие рековте еве и таму на говорница го прочитавте барањето односно поддршката на ЗЕЛС за воведување на овие даноци. Тоа е добро. Но, требаше исто така ,кога излегувавте на говорница во претходниот период за одредени барања односно за рамномерен регионален развој, за воведување на зголемување на оданочувањето, односно за поголем колач од 3% да добијат општините од ДДВ, тогаш тоа го игнориравте и не го кажавте на јавноста. А еве, денеска, бидејќи ЗЕЛС тоа го бара, вие на говорницата го прочитавте, тоа го знаеме и ние, но ние, за добро на граѓаните, за доброто на бизнис климата во општината бараме, односно во нашите дискусии сме против воведување на овие даноци, а имаме и амандмани со кои што ќе бараме укинување на членот 8 ставовите 5 и 8 што вие ги оданочувате овие деловни згради, деловни простории и згради во ридско планинските подрачја.

Уште еднаш ќе кажам дека сето тоа повлекува, ова оданочување повлекува еден поголем низ на проблеми во општините, да не се инвестира. Мислиме дека во еден дел ќе има и намалување на вработените. Како што кажа колегата Јани Макрадули, дека овие кои веќе имаат изградено, нема каде да одат. Но, оние кои допрва треба да градат во овие општиние, ќе размислат дали за една хала од 15-20 илјади м2 треба годишно да одделуваат околу 30 илјади евра. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Следен за реплика е господин Оливер Спасовски. Повелете, вашите триминути.

**Оливер Спасовски:** Благодарам претседателе.

Господине министре,

Навистина во репликата што ја упативте или во вашето излагање, уште еднаш им кажувате на граѓаните на Република Македонија дека добро живеат во моментот, ама тие не знаат. И, дека со овие закони ќе им биде уште подобро и на стечајците и на технолошките вишоци и на социјалните случаеви да од тие 700 до 3000 денари колку што ги примаат ќе им одземете уште по некоја стотка, ама подобро ќе живеат. Навистина, неразбирливо, навистина изјава што многу краткорочно ќе трае. Веќе до првата сметка

за електрична енергија. Ќе говорам подоцна по Законот за комунални такси.

Втора работа, што тоа драматично се промени од пред година дена кога одевте по Македонија и кажувавте дека е катастрофална состојбата во бизнисот во Република Македонија. Сега тврдите дека е добр.

Ама, на сите оние кои плаќале само за административните згради, кои претставуваат само 5% од халите, од сите други објекти кои ги користат, на чевларските работници, околу 40 фабрики во Куманово, на текстилните работници кои се во Штип и тн. и во цела Македонија, сега им воведувате плус давачка на нивно конто и им кажувате дека ќе им биде подобро. Демагогија невидена.

И, втора работа, не воведуваме нови даноци?! Не воведувате нови даноци, има данок на имот. Ама, на оние кои не го плаќаа, заради стимулации во делот на останувањето во селските средини, развојот на селските средини, на оние кои ги шетавте селата, ви кажав од изборна единица број 2, ве водеа тогаш во изборната кампања, сега им кажувате дека - ќе ви биде подобро, бидејќи немате примања, ама ќе ве оданочиме на крајот од годината да плаќате. И, сето тоа не е заради државата, заради доброто на локалната самоуправа во Република Македонија.

Ако бевте толку загрижени, ви реков, ќе одделите дел од вашите средства, дел од трошоците што ги трошите во вашите кабинети, дел од трошоците што ги трошите на реклами и сите други работи и ќе им дадете на единиците на локалната самоуправа.

На таков начин не по џебот на граѓаните, туку едноставно со оделување на еден дел од вашиот колач, ќе кажете дека помагате на единиците на локалната самоуправа, ама со тоа помагате и на граѓаните на Република Македонија. Инаку, кој бил во право ќе видиме за некој месец, заради тоа што на секого кога ќе му бркнете во џеб уште со неколку денари плус од тоа што го дава на државата да даде, тогаш ќе ви кажат и тие самите, а и на вас ќе ви стане јасно дека ова што сте го говореле, сте го говореле само да браните нешто што не може да се одбрани во овој момент.

**Љубиша Георгиевски:** Господине Никола Ќуркчиев, вашите три минути, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам претседателе, почитуван министер, мислам дека сепак добро беше што ги искажавте барањата, односно заложбите на ЗЕЛС. И јас како поранешен градоначалник и поранешен претседател на ЗЕЛС, да кажам дека од секогаш сум бил поборник и подржувач на иницијативите за виситнска децентрализација на власта, на надлежностите и секогаш сум бил за вистинска фискална децентрализација. Но, тоа не значи дека вакви парцијални решенија се вистинскиот пат како тоа да го постигнеме. Мислам дека сериозно влада би можела да направи сеопфатна анализа што значи понуденото решение. Да го соочиме со аргументите од другата страна и тогаш да креираме вистински мерки за нашите реални општини. Инаку, факт е дека давачките се зголемуваат. Дали ние ќе ги крстиме тие нови, или стари, меѓутоа давачките на луѓето ќе бидат зголемени, бизнис заедницата ќе реагира, стопанствениците ќе почнат да зборуваат дека не може да зборуваме за нов економски локален развој. Имено, и сами велите дека 2,5 милијарди има повеќе од планираното. Супер. Вие кажавте дека нема купување на нови возила. Зошто се купуваат толку многу возила во Република Македонија? Дајте да го прекинеме тоа. Како што реков вчера, нема да градиме музеи на ВМРО на плоштадот во Скопје, тие средства ќе ги дадеме на општините. Нема да градиме официрски домови и т.н. Дајте да го зголемиме економскиот развој на тој начин општините сами ќе изнајдат начин да ги зголемат буџетите. И на крајот на краиштата ние за чии пари зборуваме? Зборуваме за парите на граѓаните, како и на кој начин да дојдат во општината. Дајте да им го оставиме тоа на нив. Зошто мора ние тоа да го правиме. И на крајот на краиштата зборуваме за ридско планински подрачја. Ако е веќе така, ако ги бришеме, или имаме предлог за бришење на точките 5 и 8 од членот 8 на постојниот закон, зошто не ја бришевме точката 10 која што вели: земјиште што се користи за површински и подземен коп во рударството и геолошките истражувања. Ајде да видиме колку средства таму има и на кој начин можат да дојдат во општините. Тука не се пипка, се пипка таму каде што ќе има потпис на градоначалникот. Мислам дека можеше многу порано ова да биде решено.

**Љубиша Георгиевски:** Три минути реплика господинот Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине претседателе, најголем дел од она што сакав да го реплицирам, колегите го искажаа, но, дозволете ми да го искажам своето мислење по однос на она што министерот го зборуваше. Ние се наоѓаме сега во една ситуација помеѓу чеканот и наковалната. Точно е, градоначалниците соочени со недостаток на финансиски средства за нормално функционирање дека бараат дополнителен извор за финансирање. Точно е и тоа дека во најголем број на држави даноците на имот се изворни приходи за финансирање на општините. И тука нема да се разликуваме. Но, она за што ние сега зборуваме дека ова значи дополнително оптоварување за македонското стопанство. Јас би го подржал овој закон под еден услов. Ако министерот истовремено излезе со Предлог на закон, на други закони со кои што би ги намалил останатите давачки за стопанството, односно ќе направи едно нивелирање на вкупните давачки на стопанските субјекти. Во ваков случај колку вие да кажувате дека ова не е нова давачка, тоа е ново оптоварување во вкупните давачки на стопанството. И затоа сметам дека би било најдобро решение господине министер да

излезете со овој закон со кој што директно ќе ги заинтересираме општините да вршат наплата на данокот на имот и да имаат доволно, барем да речеме разумни средства за финансирање на работата на општините. Но, истовремено да излезете со закон со кој што вие ќе одлучите кое ниво на други давачки ќе го намалите на стопанските субјекти за да може да се воведе овој данок, односно да немаме дополнителни оптоварувања на стопанството. Вие самите велите дека во централниот буџет има вишок на приходи до сега 2,5 милијарди денари, а дополнително очекувате до крајот на годината да има поголеми приходи. Ако е така, тогаш откажете се од дел од приходите на централниот буџет, намалете ги давачките на стопанството за да го донесеме овој закон кој што се согласувам и со вас дека е во најголем број на држави во светот како изворен приход на општините. Вака како што сега правиме ние донесуваме закон со кој што дополнително го оптоваруваме стопанството. Точно е дека општините ќе имаат дополнителни приходи, точно е и тоа дека ќе нанесеме штета на македонското стопанство. И затоа мојот предлог е до колку овој закон се донесе, вие напоредно да ни предложите закон, вие одлучете во која сфера ќе ги намалите вашите давачки во стопанството во Република Македонија. Во спротивно стои тогаш тврдењето дека вие не сакате да си го расипете својот комодитет да имате пари за реклами, да имате пари за шетање, за се, а да воведете дополнителна давачка на стопанството.

**Љубиша Георгиевски:** Господине министре, контра реплика.

**Трајко Славески:** За да нема забуна, значи зголемените приходи во Буџетот се должат токму на намалените давачки кои што стапија во сила од 1 јануари оваа година по основ на персоналниот данок од доход и данок од добивка.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине министре.

Има збор господинот **Никола Поповски.**

**Никола Поповски:** Почитуван претседателе, почитуван министер, ја совие два дена внимателно ја слушав расправата, затоа што мислам дека таа заслужува внимание и колку повеќе тече расправата,толку повеќе сум зачуден од ставовите на министерот. Од него очекував поголема транспарентност и поголема отвореност. На крајот на краиштата и поголема политичка чесност во смисол дека во Парламентот не можете да ги излажете 120-те пратеници, тоа можете да го правите на прес конференции со луѓето кои не разбираат кога ги држите за медиумите, затоа што луѓето нема да разберат ако им пренесете во завиткана форма. Меѓутоа, тука тоа не поминува. И затоа сум малку разочаран од господинот министер, познавајќи го и лично 25 години што не собра храброст да се соочи со фактот дека тој, односно премиерот и тој воведуваат нови давачки кои до сега не постоеле и тоа да го образложеше на начин од кој ќе видевме дека има нужна потреба да го направи. Тој примени друга тактика. Вчера молчеше, се обидуваше да ни објасни дека ќе имало даночни олеснувања, па ќе имало ослободување од даночниот биланс ако се плати ова, или она. Денеска веќе очигледно после преспиената ноќ почна да применува друга тактика, дека ова всушност и не се нови давачки, дека постојат даноци на имот, меѓутоа не постојат даноци на имот на деловните простории, на куќите, на населението во селските и ридско планински области. Тоа е чесно да се признае. Затоа што ако вие не го кажувате, веројатно не мислите дека тука никој не разбира што се воведува. На крајот на краиштата господинот Спасовски е во право, дека тоа може да важи до 1 јануари кога ви стапува на сила законот. Веќе од 2 јануари ќе почне даночниот облог за ова и ќе си примат сите овие што до сега не ги плаќале тие даноци, решенија, односно правните лица ќе треба да си го вметнат тоа во пресметките и да си плаќаат даноци. Во Парламентот пред неколку месеци имаше два законодавни обиди да се подобри состојбата на фискалната позиција на општините преку прераспределба на дел од централните приходи на власта во корист на општините. Тогаш министерот даде негативно мислење и парламентарното мнозинство се поведе по него, дека нема потреба од покачување на средствата за општините од централниот буџет. И за тоа постојат документи, затоа што имаше поднесено два вида на различни закони и двата беа одбиени и со негативно мислење од Владата. Кој е? Се разбира дека го изработува Министерството за финансии. Сега после два месеци се нудат нови давачки и тоа не како прераспределба од постојните давачки на населението и претпријатијата во корист на општините, туку нови зафаќања кои ги воведува централната власт со цел да ги поткрепи општините. Тоа не е добра политика, ниту е чесно Владата да се фали, како што слушнав на телевизија, бев малку излезен од салата, ако добро слушнав дека има 2,5 милијарди повеќе приходи собрано во првите 5 месеци претпоставувам дека беше кажано, а во исто време да наметнува нови давачки. Значи државата има фискална позиција во овој момент релативно јака и повторно воведува нови даноци за населението. Ние нема да стигнеме воопшто до намалување на учеството на јавните расходи во бруто домашниот производ за два процентни поени како што ни кажа премиерот овде во воведното излагање при изборот на Влада пред една година. Ако вие продолжите вака даночните приходи ви растат, бруто домашниот производ ви расте со помала стапка од даночните приходи, нови зафаќања и т.н. На крај позицијата ќе ви се зголеми за два процентни поени, наместо да ви се намали во бруто домашниот производ.

Второ, извинете меѓутоа после неколку работи што се случија јас веќе губам доверба во тоа што Владата го соопштува во јавноста. Прво соопшти дека ги намалува директните даноци на

персоналецот и на добивката. Тоа и јавно го соопштив, меѓутоа во Парламетнот сакам да го кажам, бидјеки не го соопшти во Парламентот. Ние соопштивме дека и покрај намалување на даночната стапка од 15 на 12, даночната основица на тој начин толку се проширува што ги компензира тие трошоци и дека кај правните лица ќе настане израмнување на даночниот товар. Тука ни се соопштуваше дека Владата знаела да преговара со ММФ, дека знаела да го убеди ММФ и т.н. Јас малку се распрашав што се случува. Еве што се случува. Прво, Владата за нашата јавност и за нашиот Парламент не го признаваше тоа, а после во писмото до ММФ потврди дека ги прошири даночните основици на персоналецот и на данокот на добивка со цел да ги компензира загубите во Буџетот кои се прават со намалување на стапките. Значи, не сте успеале да го убедите ММФ, туку само сте му кажале наместо 15% на што, ќе одданочуваме 12% на 110, што е исто. И на тој начин вие направивте една лесна измама пред населението. Меѓутоа, даночните обврзници кај правните лица тоа го чувствуваат и можеби кај вас не кажуваат, меѓутоа кажуваат по новините, кажуваат кај нас, соопштуваат дека пресметките не им кажуваат на тоа. На крајот на краиштата вие и лично потпишавте едно писмо до генералниот директор на ММФ, го потпиша и Зоран Ставревски како вице премиер, го потпиша и Никола Груевски како премиер во кое пишува цитирам: ги проширивме основите на овие даноци, се мисли на персоналецот и на добивката со цел да се контролираат загубите на приходи од намалувањето на стапките. И тука има ваш потпис. И ова јас го симнав од вашата веб страна на Министерството за финансии. Уште ви стои на веб страната на Министерството за финансии. Значи, вие јавно кажавте дека ги компезиравте намалувањата со други видови на давачки и сега повторно ни ја кажувате со даноците на имот истата, дека овој данок постоел наводно и т.н. Не ви веруваме господине министер, апсолутно не ви веруваме. Тој што има трговско претпријатие, има трговско друштво, има магацински простор 10 иљади квадрати, ќе си плати на нив данок после донесувањето на овој закон. До сега не плаќал. Тој што има куќа во ридско планински и селски подрачја ќе си плаќа данок, тој што има производна хала ќе плаќа данок, тој што има продавница ќе плаќа данок, се освен административниот простор на кој се плаќаше до сега, канцелариският простор. И сега вие можете да ни кажувате дека не е така, меѓутоа ќе си дојде. Вашиот премиер тука минаатиот четврток кажа една кованица врзана со нозе кратки, и да не употребувам и еден друг збор што тој тука го употреби. Нема бегање од тоа дека воведувате нов данок. Наместо да го позголемите трансферот од ДДВ и сами кажувате дека имате вишоци, наместо да прераспределите од тоа што го скративте на општините со персоналецот од централните приходи, вие нови даноци во корист на општините, а на државата да и останат постојните даноци. Кого интересира во оваа држава дали даноците што вие ги воведувате ги плаќа на централната, или на општинската власт. Тоа е сеедно. Луѓето плаќаат даноци, претпријатијата плаќаат даноци. Дали ги плаќаат со ваша одлука на централната власт, па вие ги пренесувате трезорски на општините, или ги плаќаат директно на општините, сосема сеедно. Вие не можете да не залажувате дека тие биле за општините. Па не се за општините, за вас се, индиректно. Наместо вие да префрлите 500 милиони на општините, им воведувате нов данок на општините. Мислам дека политички чесно е да соопштите, да излезете и да кажете дека, извинете, неуспеавме со ММФ да постигнеме договор, да ги намалуваме даночните стапки и ние самите правиме маневар во кој ги зголемуваме основиците. Сега исто така, во договор со ММФ ги зголемувате и даноците на имот за општините за да ги поткрепите децентрализираните надлежности на општините. Мислам дека знаете како вие тоа ќе го соопштувате во јавноста. Сега имате подршка од медиумите, тоа нема никој да го земе за сериозно, никој нема да одржи прес конференции, никој нема да го објави, на никој ништо не му значи, меѓутоа животот си го носи тоа што го носи, даноците ќе бидат повисоки. На крајот на краиштата кога ќе помине цела политичка еуфорија ќе се мери според тоа.

Вчера ве слушнав на телевизија и денес во медиумите, има исто напишано, претпоставувам дека е точно. Ако не е точно, демантирајте го, за тоа сме тука, дека вие најавувате уште 2700 нови вработувања во државната администрација до крајот на вашиот мандат кој трае уште три години. Во 2010 година на 6 јуни ние ќе бидеме или веќе со завршени избори или во изборна кампања. За уште три години најавувате 2700, ако е точно тоа што сте го изјавиле. Значи вие очигледно дека водите јавни финансии во насока на подршка на власта, а не на државата. Ви требаат пари за нови вработувања, заради тоа на општините им префрлате сега нови даноци за да тие се закрепнат. Не оди така работата. Јас повеќе ќе почитувам до колку министерот излезеше и соопштеше, од овие и овие причини ние воведуваме нови даноци кои ќе одат во општините заради тоа и тоа. Меѓутоа, сега сум уште поразочаран кога гледам дека се избегнува да се соопшти, како и пред 5 месеци што кажав за даноците, а сега кон ММФ јасно е што сте напишале. Сега треба да очекуваме уште два месеци за сами да го кажете признанието: Не ни е потребно. Апсолутно ништо не ни значи признанието на министерот, а тој не сака да го направи. Меѓутоа, стварноста е таква. Јас ви советувам, односно се залагам вие овој закон да го повлечете. Таму имате две, три одредби кои се со нешто друго врзани. Тие одредби нека поминат, меѓутоа одредбите за зголемвуање на даноците на претпријатијата треба да се повлечат. Ако не го повлечете законот, тогаш прифатете ги амандманите, со тоа што ќе направите нешто добро. Навистина вака е нејасна позицијата.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор Трајко Славески.

**Трајко Славески:** Сакав да додадам господине претседателе од реториката и настојчивоста на почитуваниот пратеник Поповски за изнудување признанија, човек би помислил да не го познава малку добро како се движел во службата до сега, дека работел и во некои други служби. Сега јас сум ставен до ѕид. Дозволете да се одбранам, немам ништо што да признаам, затоа што се што сум кажал, или сме напишале било транспарентно.

Прво, во образложението за измените и дополнувањата на Законот за персонален данок од доход и на Законот за данок на добивка имаше многу јасно и прецизно наведено сето она што сега господинот Поповски го презентира како да било изнудено од ММФ и од не знам кој друг. Кога ние не го спомнуваме ММФ барајки некое алиби, сега тоа ја нервира опозицијата,па тие почнаа да се повикуваат на оваа институција.

Сето тоа ја нервира опозицијата, затоа тие почнаа да се повикуваат на оваа институција. Мислам дека е сосема беспредметно и непотребно.

Уште едно признание господине Поповски. Јас како експерт бев пред две години член на работна група на МАНУ и на странски експерти за изработка на таканаречениот “Блу рибон репорт” или син извештај публикуван на македонски и англиски од страна на Агенцијата за развој на Обидинетите нации. Ако сте го прочитале тој извештај, а јас да сум на ваше место би го прочитал, затоа што ве сметам за еден од учените економисти во Република Македонија, изричито стои препораката со укор, како можело толку долго Република Македонија да има таков вид на даночно ослободување на деловните објекти и пораката на “синиот извештај” беше да се укине тоа даночно ослободување. Тој извештај е потпишан од академици, членови на МАНУ, значи науката и светската практика, се застанати зад таа мерка.

Еве, дозволете моето скромно признание од изнуда.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине министре.

Имаме две реплики, првата е на господинот Никола Поповски, повелете вашите три минути.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Значи оваа расправа со изнудување со работа моја во службите го сметам само за обид да се тргне вниманието на страна.

Инаку, кога веќе сакате за тоа некого индиректно да обвините, јас имам пет пати повеќе причини да ве обвинам вас како член на извршната власт за кооперација со службите на моја штета.

Господине министер, вие сте напишале “блу рибон” во кој барате даноци на имот. Сакам искрено да ве прашам во вашиот “оринџ рибон” кажавте ли на населението дека ќе ги воведете овие даноци или не, бидејќи тоа е компетентно за Парламентот. Дали вие сте им ветиле во “оринџ рибонот”, а не во “блу рибонот”. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Верица Филипова, повелете.

**Верица Филипова:** Благодарам почитувани присутни, јас по втор пат се јавувам за збор во врска со Предлогот за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за даноците на имот и денес би сакала да дискутирам во врска со укинувањето на осмата точка од членот 8, односно станбени згради во селски населби, во ридско-планинските подрачја, што ќе ги определи Владата на Република Македонија. Тоа значи дека до сега станбените згради, куќите, објектите на луѓето кои живеат во ридско-планинските подрачја, беа ослободени од плаќање на данок на имот. Со новиот закон , ова ослободување се укинува, поточно тие ќе треба да плаќаат данок на имот.

На почеток, би сакала да ве запрашам господин министер во вашите досегашни посети низ Република Македонија дали отидовте да посетите некое од ридско-планинските подрачја, да видите како живее населението во тие подрачја.

Во Штипска и Карбинска општина, би ви ги напоменала кои се тие села и колку жители живеат таму. Тоа се селата: Калузлија со 22 куќи, Кучица со 12 куќи, Парналија со 34 куќи, Јунузлија со 4 куќи, Шшврлија со 36 куќи, Припечани со 12 куќи, Никоман со 2 куќи, Калапетровци со 3 куќи, Кошево со 4 куќи, Рујак со 2 куќи, Припечани 1, Вртешка 1. Тоа се ридскопланински подрачја, не е Липково, во кои населението живее не во 21 век, не во 20-от век, туку во 19-от век, господине министре. Тоа се подрачја со околу 700-ни жители, расеани на поголема површина во која луѓето живеат од екстензивно сточарство, од тутунопроизводство, без патишта, без водовод, многу далеку од вашите министерски кабинети, многу далеку од нашиот Парламент. Да, очигледно голем дел од вас немате отидено во тие подрачја кога реагирате на овој начин со потсмев и залагајќи се да помине овој закон. Што ќе се добие со воведувањето на плаќање на данок на имот во тие 134 домаќинства, кои и вака и онака едвај крпат крај со крај. Што ќе постигнеме освен револт кон нив и иселување. Тоа се луѓе од турската вера, муслиманска вероиповед, таканаречени јуруци. Министре вие не ме слушате, меѓутоа, јас ќе продложам за македонската јавност. Која ви е идеата со вовдувањето на овој данок на имот кај ридскопланинските подрачја. Дали тие 0,5 до 1% од вкупните домаќинства во Република Македонија ќе го зголемат Буџетот на општините. Не, нема воопшто да го зголемат. Тоа ќе биде симболична сума, која само ќе значи револт, уште поголем револт, уште поголема недоверба кон републичката власт и на крајот ќе резултира, како што реков во нивно иселување и напуштање на Република Македонија. Тоа се луѓе од

турската вера кои и така и така изминатите 50-на години се иселуваат поради условите во кои живеат, во Турција. Дали сакаме сите во пакет да ги ставиме во два автобуса, толку ги има и да ги иселиме во Турција. Не ми е јасно врз основа на какви анализи ја укинувате оваа осма точка, дали за тоа разговаравте во МАНУ, дали тоа го има во некои од вашите програми, репорти, “блу оранџ”, или лајт. На крај ќе испадне “блек репорт”. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за даноците на имотот.

Ги повикувам пратениците, кои се наоѓаат во собраниската зграда, а не се во салата, да влезат во салата да ги заземат своите места, бидејќи треба да гласаме.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да ги завземат своите места.

Ги молам службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата.

Ги повикувам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата зошто пристапуваме кон гласање.

Ве повикувам да гласаме.

При присутни 63 пратеници, гласале 57, за гласале 48, воздржано 3, против 6.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Во присуство на 62 пратеника, гласале 58, за гласале 53, воздржани нема, против 5.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Пратениците Никола Поповски, Ацо Киров и Верица Филипова поднесоа амандмани за бришење на член 1 и за менување на член 2 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Никола Ќуркчиев поднесе амандмани на член 1 став 1 и на член 3 за менување на новиот член 85-а по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 1 поднесен од пратениците Никола Поповски, Ацо Киров и Верица Филипова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Славески, повелете.

**Трајко Славески:** Претседателе благодарам.

Амандманот не се прифаќа, се бара нешто што всушност се суштината на овие измени. Ќе немаше смисла прифаќањето на амандманот со поднесувањето на законот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

Збор има господин Никола Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Амандманот се предлага да се исфрли одредбата со која Владата воведува оданочување на деловните простории. Со оглед дека и самиот министер соопшти дека суштината е во тој амандман на целиот закон, јасно станува на Парламентот дека суштината е воведувањето на овој данок, ништо друго. И тука нема ништо што да се соопшти, освен што се прави голема грешка што не се прифаќа ова и дека Владата е влезена веќе, постапно, но сигурно секојдневно во воведување на нови давачки. Прво ги воведува анблок, после ги воведува со секој поединачен закон по различни дејности. Сега ги воведува за деловниот простор. Видовме дека пред половина месец со лек-специјалист, на пример за игри на среќа воведе ново оданочување на различни водови на игри на среќа, воведуваат нови висини на лиценци, се е тоа постапно, ама сигурно лизгање нагоре кон повисоки даночни оптоварувања во државата и јас и препорачувам на Владата да престане со политиката на воведување на постојано нови давачки и кон населението и кон економијата во Република Македонија. И затоа предлагам на пратениците од Македонското собрание да не бидат толку послушни и слепи кон Владата и дека ако Владата неумерно воведува нови даноци со прилично неиздржани образложенија зошто ги воведува тие нови даноци, тие да не ги гласаат тие даноци. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збор има господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Мојата дискусија е во подршка на амандманот поднесен од пратениците Никола Поповски, Ацо Киров и Верица Филипова. Бидејќи е јасно дека министерот останува на истите позиции договорени со премиерот Груевски да се воведат нови даноци и давачки во Република Македонија и да се оптоварат стопанските субјекти, јас мојата дискусија ќе ја насочам кон моите колеги од парламентарното мнозинство.

Имено, кога господинот Поповски ги изложи фактите од писмото што господинот Славески го испратил до ММФ, го потпишал, а со тоа потврди дека освен што со медиумска помпа и со многу буџетски средства се рекламира намалувањето на одредени даноци, “под тепих” или тивко се воведуваат многу нови даноци во Република Македонија. И кога господинот Поповски се повикуваше на транспарентната процедура зошто министерот не сака тоа јавно да го признае што го напишал во писмото до ММФ, а го ставил на веб-страницата и рече не ви веруваме, еден од пратениците од ВМРО-ДПМНЕ довикна, тоа е ваш проблем. Не е само наш проблем што се воведуваат нови даноци во Република Македонија. Со овие даноци овој закон ќе биде проблем за многу стопанственици, кои што започнале некој бизнис, си направиле некоја

инвестициона проекција заради халата и хипотеката што ја зеле за таа хала, имаат некој кредит кој што планираат како да го вратат и тоа не претставува само проблем кога ќе воведете нови даноци во Република Македонија само за опозицијата.

За жал, овие даноци, или овој закон ја нема реакцијата на оние кои што се најповикани тоа да го прават и да го штитат стопанството, а тоа се двете стопански комори во Република Македонија.

За жал, можеби со самото тоа што еден од нивните претседатели кој обично излегува вечерта ако законот помине на Влада, па тој другиот ден сабајле излегува со соопштение, бидејќи со самото тоа што молчи дека е ова закон со кој ќе се оптоварат стопанските субјекти, ќе се загрозат оние што сакале баш сега да вложат некои пари како странски инвестиции кои сеуште се нула, затоа што не знаат кои нови даноци ќе им текне да ги воведат, да ги воведе Владата на Република Македонија и со тоа ќе ја загрозат стабилната инвестициона клима што Владата има задача да ја обезбеди, покрај политичката стабилност што не може да ја обезбеди.

Затоа, овој закон ќе биде проблем за многу стопански субјекти, истите ќе ги оптовари, ова се нови даноци и за жал тоа е уште еден удар врз стопанството. Од друга страна, веројатно и некои предели или области што започнале да заживуваат или некои предели кои биле заборавени, отпочнало да се инвестира, има неколку живописни предели каде што има нови вложувања, и тие ќе бидат ставени под знак прашање затоа што некој не го цени или сака да искористи тоа што некој сака да ги возобнови тие предели. Затоа, многу граѓани ќе бидат погодени со овие даноци. Ова не беше ветено во “100-те дена на Владата”, а за жал е реализирано и направено. Сега, во овој момент тоа е во рацете на парламентарното мнозинство. Тие ќе треба да им објаснат на своите соседи, пријатели, колеги од бизнисот или роднини што ги имаат во бизнис сферата, зошто заради нивното гласање ќе треба да плаќаат повеќе од она што го остварува компанијата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Драги колеги, имам чест и необично задоволство да ве известам дека на галеријата се наоѓаат нашите драги гости од Претставничкиот дом на Парламентарното Собрание на Босна и Херцеговина. Предлагам да ги поздравиме.

(Аплауз)

Продолжуваме со работа и имајте на ум дека горе седат наши колеги и не опсервираат.

Сега, збор има госпоѓа Верица Филипова, повелете.

**Верица филипова:** Благодарам.

Почитувани присутни, намалувањето на даноците во Република Македонија е проследено со многу фанфари, со платени реклами, со снимање на телевизија. Зголемувањето на даноците или воведувањето на нови даноци се воведува на мала врата без објавување во јавноста, без храброст на нашата Влада ниту да го извести населението, даночните обврзници, гласачите дека следи, дека воведува такво нешто. Поради тоа, јас сум еден од пратениците кои го поднесовме амандманот, во кој предлагаме бришење на членот 1 од Предлогот за изменување и дополнување на Законот за даноци на имот.

Во членот 1 од овој предлог е предвидено да се избришат досегашните ослободени субјекти од плаќање на даноци на имот, односно бришење на деловните згради и деловните простории кои служат за вршење на дејнсота на обврзникот, освен административните згради и административни простории. Тоа значи бришење на досегашното ослободување од данок на имот на погоните, магацините, останатите производни објекти, без разлика дали работат или не работат.

Во вчерашната дискусија министерот истакна дека како нус ефект на овој нов данок ќе биде заживување на затворение, а приватизирани капацитети. Тоа беше впрочем вчера и дел од мојата дискусија дека се согласуваме тие субјекти односно сопствениците на индустриски хали и магацини во кои не вршат дејност да плаќаат данок. Меѓутоа, ова ќе биде уште поголем товар, уште една даночна давачка, за субјектите кои вршат дејност во деловните згради и деловните простории.

Господине министер, пред неколку месеци имавте средба со кластерот за текстил, каде сакавте да ги слушнете нивните размислувања и каде вие настапивте без малку како министер за труд и социјална политика, демек сте ги браннеле интересите на работниците. Министерот за финансии има сосема друг улога. Министерот за финансии треба повторно да отиде кај претставниците на кластерот за текстил да не ги доведува во заблуда, да не им ветува како што направи минатиот пат дека воveле зголемување на придонесите за здравствено осигурување на седница на Парламентот во декември, меѓутоа, пред стапување во сила ќе го намалат. Потоа овде тврди дека сум била погрешно информирана. Не, мојата информација беше точна, ги доведовте во заблуда членките на кластерот за текстил. Дали повторно ќе настапите на сличниот начин, денес овде ќе го изгласаме зголемувањето, односно воведувањето на нов данок на имот на индустриските објекти и магацини, кој до сега не постоеше, па потоа кога ќе отидете на посета кај нив ќе тврдите дека на наредна седница или на некоја од наредните седници ќе предложите укинување на оваа давачка. Да не си правиме такви експерименти и игри, ние предложивме со овој амандман да се избрише членот 1, односно давачката воопшто да не биде воведена.

Исто така, во овој амандман предлагаме да се избрише и укинувањето на ослободувањето од

станбените згради во селски населби во ридксо-планинските подрачја што ги определи Владата на Република Македонија. Тие беа до сега ослободени од плаќање на данок на имот на станбените згради, со овој нов данок тоа ослободување се анулира, односно ќе треба со Судски совет тапувањето во сила на овој закон да плаќаат, а стапувањето во сила би било од 1 јануари 2008 година, да плаќаат данок на имот сопствениците на куќи, на објекти во ридско планинските подрачја, луѓе кои и така живеат на работ на егзистенцијата.

Јас се надевам дека парламентарното мнозинство ќе размислува со сопствена глава ќе донесе сопствена оцена и ќе гласа за овој амандман, односно ќе гласа против воведувањето на овие нови даноци на имотот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збор има господинот Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам претседателе,

Еве, гледам дека министерот Трајко Славески не е присутен во салата, но тука е заменик министерот, но сакам да му кажам на министерот Трајко Славески, дека добро е Владата на Република Македонија односно премиерот Груевски и кога ги зголемува и кога воведува нови даноци исто така тоа да биде на телевизија, односно да го види македонската јавност исто како што беше на телевизија односно имаше телевизиско шоу околу намалувањето на даноците од 18% на 5%, од 15% на 12% односно на 10%, па исто така и воведувањето на новите даноци да биде јавно и транспарентно кажано на телевизија. Значи не само кога намалуваме, не само кога укинуваме, туку и кога воведуваме нови даноци тоа да биде јавно и транспарентно кажано на телевизија, тоа да биде кажано од премиерот Никола Груевски, како што беше кажано за намалувањето, а до него да биде како што беше и Трајко Славески, Зоран Ставревски и останатите членови на Владата. Чесно е да биде така, од причина луѓето да знаат дали оваа Влада намалува или зголемува даноци. Да, ги намали даноците, но и кога ги зголемува, тоа да биде кажано барем од страна на министерот за финансии, акко не и од премиерот, затоа што не може македонската јавност да ја залажуваме дека сме Влада која намалува даноци.

Овде би сакал да ги потсетам колегите пратеници од парламентарното мнозинство дека во оној период кога Владата ги намали даноците од 18% на 5%, јас имав непосреден разговор со неколку пратеници кои беа горди на нивниот премиер Никола Груевски со потегот околу намалувањето на даноците. Јас верувам дека сега овој потег на Владата не го одобрува поголем број пратеници од парламентарното мнозинство, но сепак на крајот знам во каква незгодна ситуација се, знам дека им е тешко да гласаат за воведување на овие нови даноци за одданочување на деловните простории, деловните згради и куќите во ридско планинските подрачја. Тие се во една незавидна состојба, но сепак мора да го спроведуваат тоа што ќе го каже премиерот, односно одлуките на Владата мора овде да ги спроведуваат.

Во моево јавување најмалку дискутирав околу амандманот, бидејќи во општиот претрес доста зборувавме ние од парламентарната група на СДСМ, а сега сакав само тоа да го нафрлам, сакав тоа да го слушнат граѓаните на Република Македонија дека и кога се намалува и кога се зголемува данокот премиерот треба да биде искрен и да излезе на телевизија и тоа да го каже, а не само да излегува пред телевизиските камери со своите министри во позадина кога ги намалува даноците.

Очекувам еден дел од колегите пратеници од парламентарното мнозинство да гласа за овој амандман од причини што колку беа горди тогаш кога ги намалуваа даноците и кога го поддржуваа премиерот, кога велеа дека тоа е добро за граѓаните на Република Македонија, еве сега имаат можност да го поддржат овој амандман и да кажат не, ние сме проитив одданочување на тоа што до сега не било одданочено. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор пратеникот Оливер Деркоски, повелете.

**Оливер Деркоски:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги пратеници, во изминаите ден-два се изнаслушавме разни верзии за можноста за воведување нов данок, со кој како што велат нашите колеги од опозицијата многу ќе се оптовареле правните лица во Република Македонија, бидејќи се воведува нова давачка.

Пратеникот Ацо Киров во својата дискусија спомна дека на некој начин се воведува ред во даночната сфера, бидејќи една категорија која што до сега не беше одданочена конечно се става во еден колосек и влегува во редот на даночните основици кои понатаму ќе продуцираат еден нов данок. Многу се зборуваше колку тоа ќе ги оптовари правните лица, односно фирмите во нивното работење, меѓутоа, никако не се објасни на македонската јавност дека всушност се работи за една сума која просечно би изнесувала од 100-тина евра па некаде до 200, 300, 400 евра на годишно ниво, што за фирма која работи со бизнис со стотици илјади евра, па и милиони евра, не е некоја сума што би го оптоварила работењето на фирмата.

Ова сакав да го напоменам за да знае македонската јавност дека не се работи за големо даночно оптоварување на правните лица во Република Македонија, како што сака опозицијата во изминатите два дена тоа да го покаже на некој начин.

Во даночната сфера во изминатиот период на самостојна Република Македонија многу пати се правени измени во оваа сфера, меѓутоа, со донесувањето на пакетот на закони за децентрализација од 2004 година, се појави потреба од создавање на даночни основици кои на некој начин ќе ја полнат касата на локалната

самоуправа. При тоа, во многу законски проекти се направија доволен број на измени кои на некој начин овозможија општинските каси да се полнат и на тој начин им овозможуваат функционирање на самите локални самоуправи. Меѓутоа, како што и колегите пратеници од опозицијата во изминатиот период на неколку пати се обидуваа да предложат измени на Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа а на некој начин и овој предлог на закон, се покажа дека е потребна измена во тој правец. Меѓутоа, треба да се направи една добра анализа во кој правец да одат измените и во кои законски проекти за да се овозможи полнење на општинските каси и нивно нормално функционирање, бидејќи како што знаеме сите не очекува периодот на втората фаза на фискална децентрализација, кој ќе треба да овозможи општините посамостојно да живеат и функционираат на некој начин. За тоа им е потребна финансиска поткрепа. Еден од начините за нивна поголема финансиска самостојност е воведувањето на оваа давачка, која не ги оптоварува многу фирмите, правните лица, меѓутоа, е доволно добра на некој начин да придонесе за полнење на општинската каса. Од тие причини, сакав да се објасни оваа работа која во вчерашниот ден и во текот на денешниот ден на некој начин доведе до тоа да се создаде слика од страна на опозицијата дека се воведува некоја нова даночна давачка која во многу ќе го оптовари работењето на правните лица во Република Македонија и која ќе создаде тешкотии во нивното работење, а во суштина не е така.

Од тие причини се јавив да земам збор во однос на овој амандман, што значи не го поддржувам амандманот на нашите колеги и ќе гласам против. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

Реплика има пратеникот Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам претседателе.

Колегата Оливер Деркоски кажа дека не го поддржува амандманот. Тоа не ме изненадува, но би му реплицирал на неколку негови искажувања, кога сакаше да објасни на македонската јавност дека тоа не е кој знае колку големо оданочување. Да, се согласувам со тоа дека не е кој знае колку големо оданочување, но сепак мислам дека е оптоварување за граѓаните на Република Македонија, без разлика дали се работи за мали, средни или големи фирми, односно за мали, средни или големи бизнисмени. Од кои причини.

Колега Деркоски, еве, за еден пример, односно едно објаснување, ќе ви кажам дека моментално во Република Македонија до првата фаза на децентрализацијата, комуналните такси беа под ингеренција на државата. Имаше настанато некој хаос, односно многу малку фирми го плаќаа. Сега, од 1 мај 2005 година е под локална самоуправа и еве, и покрај сите напори, бидејќи за тоа зборувам, ќе кажам дека се работи за некаде 100 евра комунална такса што треба да ја платат и најмалите фирми. Фирма која е регистрирана а има само еден дуќан, трговски дуќан, а има комунална такса 100 евра.

Општинарите имаат сериозни проблеми околу наплата на овие 100 евра. Ова го зборувам од причини што кажавте дека не е ништо страшно, бидејќи се работи за 100-300-400 евра што треба да ги платат фирмите. Тоа е за малите или за средните, евентуално, фирми. Не се однесува за поголемите кои имаат 10-15 или 20 илјади м2 деловен простор. Такви има многу кои во минатиот период имаат изградено и сега мора да плаќаат. Оние кои ќе треба да градат, ќе видиме дали ќе градат или нема да градат. Ќе размислат дали да ги плаќаат овие сега нови дополнителни вложувања што се движат некаде, за големите фирми, околу 15-20 илјади евра, но под 10 илјади нема да бидат.

Зборот ми беше и 100 евра за фирма поединец, фирма човек, носител, со една деловна просторија, плаќа 100 евра комуналии, значи ќе бидат и овие 100 евра од сега многу за овие мали фирми. Никогаш не треба да се потценува дали треба 10, дали треба 100, дали треба 1000 или 10.000 евра да се плати. Секогаш оној кој треба да даде, за него е многу. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Контра реплика има господин Оливер Дерковски, повелете вашата минута.

**Оливер Дерковски:** Благодарам претседателе.

Јас во никој случај не ги потценувам парите што ги заработуваат фирмите. Но, само кажав дека треба да се направи една вистинска слика колкави се износите приближно на оваа даночна давачка што се воведува, дека не е во расходите на една фирма, во билансот, поточно во расходите нема да биде некоја голема ставка на фирмите, затоа што согласно Методологијата што ја утврди Министерството за финансии од претходната Влада, а што ќе се применува и овој пат при проценката на имотите, на недвижностите што ќе се утврдува нивната вредност, може лесно да се пресмета колку ќе биде оваа давачка. Таа давачка навистина нема да ги оптовари во работењето фирмите.

Што се однесува до тоа за функционирањето на плаќањето или ненаплаќањето на комуналните такси, за тоа е потребен згоелемн капацитет на администрацијата.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збор има по втор пат господин Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** По прв пат, претседтеле, за амандманот. Не по втор пат.

Инаку, кога воведувате даноци, малку е и 10 пати да се јавиме за да ве убедиме дека не треба да го поддржите. Но, тоа е ваш стил на однесување во ова Собрание и пред македонската јавност.

Се приклучувам кон амандманот на господинот Поповски, Киров и колешката Филипова Верица. Тој е поднесен од две причини:

Прво, аргументите што ги изнесовме овде во Собранието, Владата можеше со прифаќање на овој амандман конечно да се откаже од политиката на зголемување или воведување на даноци во Република Македонија, што директно ќе задира врз економската состојба на граѓаните во Република Македонија. Меѓутоа, тоа не се случи.

Конечно го срушија митот дека тие се Владата што ги намалува даноците во Република Македонија и им го олеснува животот на граѓаните.

И второ, амандманот е поднесен не заради Владата сега, туку заради пратениците од ВМРО-ДПМНЕ да имаат шанса да се изјаснат дали се зголемување и воведување нови давачки во Република Македонија за граѓаните, за онаа структура на луѓе на која што често се повикуваат во собраниските дискусии, или пак се за тоа слепо да ја следат политиката на Владата, па макар и да нема никакви аргументи во тој дел.

Што се однесува до укинувањето односно останувањето на постојното решение за неплаќање данок на имот на деловните згради и деловни простории во кои што обврзникот ја врши дејноста, и во општата расправа ги кажав моите аргументи дека тоа е спротивно на заложбата на стимулација на инвестиции во Република Македонија а со тоа и спротивно на заложбата за нови вработувања или намалување на невработеноста во Република Македонија.

Дали се тоа 100 евра, 300, 400, 600 евра, за што почитуваните колеги од позицијата тврдат дека се мали пари за стопанствениците, тоа ќе го кажат самите стопанственици.

Дали им упатувате порака дека нема да го поддржите бизнисот, тоа ќе го кажат сите оние кои во моментов веќе започнале да градат одредени стопански капацитети во Република Македонија или во помалите општини каде што се покренува еден економски развој во кој што има улога градоначалникот. Има низа такви примери. И, тоа е директна појава што и денеска ќе ја упатиме.

И, на крајот, амандманот предлага да си остане решението во кое што граѓаните кои живеат во ридско планинските подрачја на Македонија нема да плаќаат данок на имот. Нема да им воведете нова давачка што ќе ја воведете со решение што ќе им го доставите за наредната година. Нема да им одземете дел од средствата што ги имаат на располагање во овој момент. Многу скромни средства за животот што им е и те како тежок од икс други причини во овие подрачја, за кои што говорев.

И, на овој начин, наместо да им помогнеме, да им дадеме стимул, да им дадеме барем малку светлина во делот на тоа дека ќе се заложиме како Собрание на Република Македонија или вие од парламентарното мнозинство ќе се заложите за тоа што им го ветувавте, ќе имаат подобар живот, вие уште еднаш се определивте да им воведете данок што ќе го плаќаат на државата и им укинавте право на пензиско, инвалидско и здравствено осигурување. Е, тоа не се мерки на стимулација.

Мислам дека со овој амандман имате добра шанса, вие, колеги од ВМРО-ДПМНЕ да размислите дали ќе останете на заложбите што ги искажувавте во текот на изборната кампања за подобар живот на граѓаните на Република Македонија, заради тоа што тие ви го дадоа мандатот и јас се согласувам дека одговорноста е поголема кај вас отколку кај министрите. Тие добија мандат од вас, пратениците. Меѓутоа, не за да го поддржувате слепи нив, туку да ги поддржуваат политиките што ги нудевте на граѓаните на Република Македонија во предизборната кампања, што Ќе значи подобар живот на граѓаните на Република Македонија.

Во спротивно, денеска ќе биде денот во кој што јавно ќе се откажете од таквите дадени ветувања и јавно ќе им покажете дека воопшто не се залагате за политика на подобрување на животот на граѓаните на Република Македонија, туку едноставно за политика што е својствена на ВМРО-ДПМНЕ секогаш кога е на власт во Република Македонија. И за тоа, јас навистина ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збор има господин Никола Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Би сакал неколку појаснувања во врска со овој амандман, а што произлегуваат од дебатата во Парламентот.

Прво, системот на финансирање на локалната власт во Република Македонија или на децентрализираните надлежности не е поставен така да општините сами ги собираат средствата и врз основа на тоа ги спроведуваат со Устав и со закон дадените надлежности. Тоа е само резидуалното финансирање. Тоа е она што е исклучително мал дел од општинските надлежности, особено со втората фаза што стапува за месец дена.

Главниот систем на финансирање на општините е буџетските трансфери. И, ако тие се измерат во сооднос помеѓу буџетските трансфери за финансирање на надлежностите во општините и сопствените приходи, ако добро се сеќавам, мислам дека тие се во сооднос од 8:1, па дури и повеќе во корист на централните трансфери. Сосема е јасно дека надлежностите на локалните заедници не се обезбедуваат во основа по пат на нивните изворни приходи и даночни служби што ги имаат или ги немаат, туку врз основа на буџетските трансфери. Јас ве уверувам дека тој систем ќе остане уште најмалку 10 до 15 години, најмалку уште 10 до 15 години и нема да се смени од две причини:

Прво, тој систем е поставен така што функционира и нема потреба да се менува.

Второ, единиците на локална самоуправа (ЕЛС) немаат капацитет тоа да го направат, да сами ги собираат даноците за финансирање на своите потреби што сега им ги обезбедува централниот буџет. И, уште долго време нема да можат да ги изградат капацитетите. Не гледам ни зошто би ги граделе кога тие капацитети постојат во Министерството за финансии, во својот широк состав.

Така што, не прифаќам аргументација, за мене е неприфатлива аргументацијата дека ова ќе им даде поголема слобода на општините. Ако сакаме на општините да им дадеме поголема фискална слобода, тогаш треба Владата да се откаже во процесот на втората фаза на децентрализацијата, од уште половина до 1% од вкупните приходи по основ на ДДВ што се слеваат во Буџетот во корист на општината и да го смени Законот за финансирање, каде што процентот од 3% дадени средства од ДДВ ќе го зголеми на 3,5 или 4,5%. Министерството за финансии сигурно може да направи, врз основа на моментална состојба целосна пресметка колку би било најрационално.

Тоа ќе го реши проблемот. Ова нема да го реши проблемот. Нема да го реши проблемот од следниве причини:

Прво, ЕЛС и во моментов имаат надлежности да собираат даноци на имот. Не овој данок, кој е нов, туку други. И  тие ги собираат недоволно, со исклучок на неколку општини. Недоволно ги собираат, заради својот низок капацитет.

Додавањето на овие даноци ќе предизвика, на оние кои редовно плаќаат даноци, да плаќаат повеќе, а на оние кои не ги плаќаат и така и така да се доведт во подобра позиција на пазарот, односно барем за малку да остваруваат екстра профитр повеќе во однос на оние кои ги плаќаат, затоа што голем број од општините не ги собираат овие даноци.

Втората причина е логичната за што зборував првиот пат кога се јавив, а тоа е дека е ова, пар екселанс, нова давачка што никому не е потребна, од аспект на даночните обврзници. Како и да земете, даночните обврзници ќе плаќаат повеќе даноци.

Господине Дерковски,

Рековте дека тоа не се драстично нови давачки. Јас се согласувам. Тоа не се драстично нови давачки, меѓутоа се нови давачки. Впрочем македонскиот фискален систем е стабилизиран. Нему му претстојат само уште една-две прилагодувања кај акцизниот дел, кога ќе станеме членки на ЕУ и сега само се работи за финото прилагодување на даночниот систем. И, сите политички партии кога одат на избори разговараат за активното прилагодување на системот. Ние не сме веќе во ситуација, каква што сме биле 1990 година, па ни треба сосема нов даночен систем. Тој е стабилизиран многу одамна. Сега се работи само за финото прилагодување на даночниот систем и од тој агол ова се нови давачки.

Тоа што не се драстични, нормално, па не дај Боже да се соочиме со драстично нови давачки. Тоа би било катастрофално за македонската економија. Како што впрочем не се ниту драстични намалувањата што еднаш Владата ги предложи и од тогаш 10 пати ги поништи. Ниту од 15 на 12 на вкупна добивка што во Буџетот се собира на ниво од околу три милијарди денари, што три милијарди денари не е никаква драстична мерка за намалување, па Владата тоа го претставува како даночен рај во европските весници. Кај нас, ако сакате такви даночни острови, треба да се преиспита системот на социјалните контрибуции што Владата, наместо да го преиспита со Законот за здравствено осигурување, дополнително им го загорчи животот на голем дел од дејностите. Така што, не сум сигурен дека оправдувањето држи во смисла дека тоа е недрастична давачка. Давачка е.

Една недрастична имаме сега. Еве, веќе наредниот закон е уште една давачка што не е драстична, но е давачка. Уште 10 киловати ќе плаЌаме сите со комун алната такса. И сега, кога ќе ги соберете малку по малку, не сакам сега да зборувам за тоа, тоа е другиот закон, меѓутоа во контекст на ова дека една мала, што не е драстична со овој закон, една мала со оној закон од минатата седница, една мала со следнава точка на дневен ред и ние практично ќе влеземе и со административни такси воведувате нови, тоа се даноци. Тоа се фискални приходи на буџетите, тоа се наредниве две точки. Така што, може да се смета дека за некого стануваат драстични.

Некој ако има софтверска компанија, работи со 10 луѓе во 100 квадрати, за него нема да биде драстично. Меѓутоа ако некј има метална индстрија, како што има во Скопје, каква што има во Кавадарци, каде што квадратните метри деловен простор се , нема да бидам непрецизен ако кажам во петоцифрени бројки, значи 10.000 и повеќе квадратнимерки што сега ќе се оданочуваат по стапката 01, па уште и ќе зависи дали градоначалникот и Советот на општината оваа ставка што се воведува од 0,1%, а во другите членови не се бришат одредбите дека таа не е предмет на прилагодување од 01-02% што сугерираме, Министерството не го прифати, можат да станат и 02 од пазарната ведност.

Метални компании, сега, пазарната вредност на деловниот простор може, заради нивните акции на берза, по она методологија што беше спомната да се пресметуваат и на друг начин. Тоа може да значи дека средствата ќе бидат огромни за нив. Што поголеми мизниси, толку поголеми средства. Што помали бизниси, толку потенцијалот, бидејќи малите бизниси се мали, малку профитабилни, толку ним ќе им се згорчува таа маргина на која тие успеваат да преживеат со каматните стапки, со даноците и тн. Ќе се губи интресот.

Тоа е голема дебата, меѓутоа факт е дека животот не им се олеснува. Дури, дури, мислам дека повеќе ќе им се отежне животот на оние кои ќе треба да го платат данокот, отколку што со ова

ќе им се олесни животот на оние кои ќе ги собираат даноците во централната и локалната власт. Ништо нема да се подобри драстично со ова кај централната власт. Можеше тоа, кажав, да го префрли.

И, последно, не е точно дека со воведувањето на овие даноци ова се испуштило или се заборавило. Напротив и тогаш имаше голема дебата кога се воведуваа во 2004, односно кога се воведе процесот, кога се осмисли законски а тој се имплементираше во 2005 година, процесот на децентрализација. Тогаш се консолидираа и овие закони во сосема нови законски текстови.

Притисок постоеше за овој данок. Тоа можат да го потврдат претставниците на Министерството за финансии. Постоева големи притисоци од повеќе страни. Постоева притисоци од дел од општините, кои сакаа да ја турнат Владата да го воведе данокот на своја сметка, а тие да ги наплатат на своја сметка приходите.

Второ, меѓународни финансиски институции кои притискаа тоа да се случи, меѓутоа успеавме да го издржиме тој притисок и јас ве уверувам дека фискалната децентрализација, ако добро слушнав вчера, за прв пат и му честита на храброста, жал ми е што на заминување ја најде храброста а не во текот на едногодишниот мандат, господинот Коњановски вчера кажа дека ние имаме одличен и функционален систем на децентрализација, што функционира, што е добро осмислен, го кажа зборот. Меѓутоа неговата партија кога се осмислуваше гласаше постојано против и го бојкотираше дури и со улични демонстрации. Сега најде храброст, пред да си замине од Владата да соопшти дека е добар тој систем. Тој систем функционира и без овој данок.

Ништо нема значително да подобри во системот на децентрализацијата и финансирањето на децентрализираните надлежности на општините освен можам да претпоставам дека парите што по овој основ ќе се собираат од населението во селските ридско планински подрачја и од даночните обврзници, трговски друштва во сите општини во Македонија 84, само ќе им го зголеми потенцијалот на општините да вработуваат нови луѓе. Во ерата на веб сајт страниците кои постојат насекаде секојод нас може да влезе на веб сајтовите и да ги види буџетите на локалните самоуправи. Нивната состојба е уште полоша од лошата состојба на централниот буџет. Нивните расходи за финансирање на платите се огромни го загрозуваат финансирањето на надлежностите на општината,процесот сеуште се одвива во правец на зголемвуање. Споредете ги систематизациите кои им се објавени на веб сајтовите на општините и бројот на вработени, ќе најдете ситуација дека има 80 вработени што е превработеност, а донеле систематизација за 160 вработени. И сега можам само да замислам секоја дополнителна капка данок што ќе ја соберете од трговските друштва каде ќе им заврши. Системот на контрола на вработувањата е воспоставен на централно ниво од министерот за финансии, на локално ниво од градоначалникот. Со оглед дека и градоначалникот е тој што вработува, таму има систем на самоконтрола, сам на себе си. Јас ве уверувам дека овие пари ќе завршуваат во нови вработувања во локалната заедница и фрлање на парите во плати. Впрочем, министерот вчера го најави тоа и за централната власт, па нема да ме зачуди општините да продолжат со таквата политика коај мислам дека освен краткорочно за мандат на една влада, за сите други намени е штетна,Меѓутоа, тоа е веќе друго прашање. И од тој агол сум уверен дека воведувањето на овие даноци нема ништо да помрдне, освен што ќе овозможи нови вработувања по општините и тоа е најнепродуктивните расходи, за после да ги отпуштите тие луѓе согласно со колективните договори кога нема да ви требаат и т.н., ќе треба со месеци да исплаќате па после да се префрлаат на Заводот за вработување па таму да им се исплаќаат и пензиски стаж и здравствени картони и социјална помош. Значи, еднаш влезен во тој круг, излезот е многу тежок. И затоа сум многу скептичен кон вакви даноци. Дури тоа што апсолутно не го прифаќам кога би се обидел да размислам од другата страна на ѕидот дека овие даноци мора да се воведат за да помогнат во некое финансирање, скептичен сум дека тоа финансирање ќе заврши каде што треба., затоа што расходите по општините се одвиваат во насока која е сериозно критична. Вие имате луѓе кои вработуваат, кои прават археолошки ископини, кои се мешаат каде што не им е работата, а во сферата на децентрализираните надлежности, културата, образованието, социјалната заштита, градоначалниците не сакаат да мрднат со прст, затоа што псотојано ќе го истакнуваат истото. Ако сакате за образованието барем еден единствен денар, дајте ни од централниот буџет. Овие пари тие не ги мешаат. Тоа го покажа праксата. Парите што сами ги собираат мислат дека им требаат за третоари, за улици и вработувањата,односно нивната јавна администрација. За сите други децентрализирани надлежности дајте ни од централната власт, па макар и за еден литар нафта да купат за греење. Многу ретко градоначалниците применуваат политика на сопствените приходи да ги насочуваат во децентрализираните надлежности кои за нив се извршувањето на функцијата. Сега им е тоа надлежност, не е веќе единствено само уличките и тротоарите. Меѓутоа, ќе продолжи праксата да очекуваат од централната власт. Ако очекуваат од централната власт, ако го земам ова како претпоставка, а уверен сум дека е така за 90% од градоначалниците, тогаш е подобро тие средства да им ги дадеме од централниот буџет. Тогаш подобро преку системот на трансакции преку трезорот да им одат таму каде што ќе мораат да ги потрошат, или каде што има критериуми од кои тие не можат да избегаат, затоа што имаат систем на контрола од комисии воспоставени со законот и т.н. И од тие причини не само за даночното оптоварување, мислам

дека е погрешна адресата со коај се сака да се потпомогнат општините. Тие и понатаму ќе очекуваат од централната власт. Тоа е нивното главно финансирање, од таму им доаѓа се, затоа што во една општина ако има 60 вработени во целокупната администрација, само во една образовна институција бројот на вработени е поголем од 60, а имаат по 10 образовни институции, па културни институции, социјални институции, се шират надлежностите, сега да не ги набројуваме оние 10 во Уставот, во законите и т.н. и тие ќе очекуваат интензивно од од централната власт.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господинот Марјанчо Николов.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер, жал ми е што министерот не остана до крај да го брани концептот. Но, би сакал да ја искажам својата подршка по однос на поднесениот амандман од страна на пратениците од нашата пратеничка група со кој што амандман се предлага да се врати старото решение, односно да не се воведуваат нови давачки по основ на данокот на имот за деловните простории, како и данок на имот за стенбените згради во ридско планинските подрачја На самиот почеток би сакал да кажам дека овој предлог на закон за измени и дополнувања нема никакви допирни точки со процесот на приближување на Македонија кон Европската унија и на знакот нема знак дека е во насока на приближување на Република Македонија кон ЕУ. Така што сите објаснувања по тој основ не можат да држат.

Втора работа која што би сакал да ја кажам, а која оди во насока на подршка на амандманот е таа што сметам дека со ваквото решение предложено од страна на Владата и владеачкото мнозинство во голема мера нема да се реши проблемот на процесот на финансирање на единиците на локална самоуправа, или општините да бидат финансиски по способни да можат да ги извршуваат своите обврски. Сметам дека со ова решение напротив ќе се создаде уште подлабок јаз помеѓу општините и ќе дојде до уште поголема нерамномерност во развојот на одредени општини. А само ако се потсетиме пред неколку седници, или долго дебатиравме за еден закон за рамномерен регионален развој за кој што Владата тврдеше дека е системски, дека е суштински и дека ќе се бори против таквиот развој. Во прилог на оваа моја констатација би сакал да кажам некои објаснувања, а тоа е дека согласно Извештајот за проценка, оценување на првата и втората етапа од фискалната децентрализација во Република Македонија Комисијата прави еден преглед на општини кои што можат да преминат во втората фаза и и се даваат одреден број на поени по основ на разни критериуми. Тука е предвидено дека 50 поени општините ќе добијат до колку имаат вработено најмалку по две, или три лица во делот на финансии, односно да имаат оформено служба која што ќе врши прибирање на даноците.

Во прегледот јасно стои дека 22 општини не го исполнуваат овој критериум што значи дека 22 општини немаат капацитет да ги прибираат овие нови давачки кои што сега Владата, владеачкото мнозинство сака да ги воведе. Во овие 22 општини живеат околу 10% од вкупното население во Република Македонија, значи околу 200 илјади граѓани во Република Македонија ќе немаат никаква можност да почувствуваат некоја придобивка од ова владино решение, туку напротив ќе даваат повеќе пари, а нема да добијат никаков подобар квалитет на услуги по однос на поголемиот финансиски прилив кој што општините евентуално би го оствариле со воведувањето на овие давачки. Затоа овој концепт, ова решение од страна на Владата во најмала рака е проблематично од самиот старт како ќе се спроведе. Затоа мислам дека е многу пореално и заложбите на нашата пратеничка група, а и сите дискусии се водеа во оваа насока е да се изврши поголемо зафаќање во делот на трансферот од данокот на додадена вредност, односно Владата да се откаже од дел од своите лагодности, да не троши толку пари за кампањи, да не плаќа имоти на министри во странство, да не прави непотребни трошоци за проекти кои што не даваат никакви резултати, туку едноставно средствата да ги насочи во финансирање на општините бидејки не само што данокот на додадена вредност е најстабилен извор на приходи, туку и во делот кој што се врши и е наменет за финансирање на истите на локална самоуправа, распределбата се врши по точно одредени критериуми кое им дава можност на сите општини да добијат од овие средства. А вака ќе има граѓани кои ќе плаќаат данок ДДВ, ќе го полнат Републичкиот буџет, а ќе немаат можност да остварт никакви придобивки од тие пари кои што ги платиле, посебно во делот на локална самоуправа. Значи, има јасни критериуми по кои што се делат средствата од данокот на додадена вреднсот, а се наменети за финансирање на единиците на локална самоуправа и тие критериуми се бројот на населението, бројот на населените места во општината, големината по километри квадратни и изграденоста на инфраструктурата.Мислам дека овој систем, или овие критериуми во голема мера даваат решение како општините полесно да се приспособат за втората фаза. Затоа очекував, или најдобро беше Владата да го повлечеше ова законско решение, да предложеше концепт во кој што зафаќањата од данокот на додадена вредност ќе се зголемат од 3 на 4, 5%, 5% зависно од проекциите кои што ги имаат во Министерството и на тој начин ќе им се дадеше на сите општини голема шанса да можат да ги исполнуваат критериумите и да се соочат со решавањето на проблемите во своите општини. Со ова решение ќе се создаде една ситуација во која што поразвиените општини ќе имаат можност уште повеќе да приберат финансии, евентуално парите ако ги трошат умно и да се развиваат во

делот на инфраструктурата, а оние општини кои што и сега се во тешка ситуација ќе немаат можност да ги приберат средствата, или ако ги приберат ќе бидат многу минимални и не ќе можат да се искористат за никакви по значајни вложувања. А од друга страна Владата ќе рече, еве,ние ви понудивме решение, сега вие правете што сакате во единиците на локална самоуправа. Тоа не е добар однос, тоа не е квлаитетно решение, тоа не е добар концепт за соочување со предизвиците од процесот на децентрализација. Мислам дека многу брзо во најмала рака од помалите општини ќе стасаат други иницијативи до Владата, но тогаш, ќе видиме како ќе се однесуваат во Министерството по однос на овие прашања. Затоа најреално, или најидеално би било Владата да го повлече ова законско решение, да создаде простор да се понуди друго законско решение во кое што ќе се зголеми зафаќањето од данокот на додадена вредност. Од една страна значи нема да се остварат никакви позитивни ефекти, а од друга страна напротив мислам дека ќе има многу негативни импликации, посебно во делот на економскиот развој во Република Македонија во отварањето на нови работни места, едноставно во создавањето на општ амбиент и на бизнис клима поволна во Република Македонија. Секое воведување на нова давачка и тоа како може да влијае некој инвеститор да реши да не инвестира во Република Македонија, или оние коишто веќе почнале да размислат како понатаму ќе го развиваат својот бизнис, а да не зборувам како ќе влијае на отварање на нови работни места,нема да има никакво отварање на нови работни места, туку напротив за да ги компензираат бизнисмените своите загуби по основ на зголемента давачка, може би некои од нив ќе се одлучат да извршат и отпуштање на вработени, или намалување на плати, едноставно мерки кои што се непопуларни и на крајот стално ќе завршат по грбот, или на штета на вработените во тие фирми. Затоа не добиваме ништо со ова решение, туку напротив Република Македонија во делот на бизнис климата ќе загуби многу, а во делот на ридско планинските подрачја не знам кои проекти ги имале во Министерството за финансии, какви финансиски ефекти можат да очекуваат од воведување на оваа давачка во овие подрачја. Самите знаеме дека во овие предели живеат граѓани на кои што социјалната положба им е на многу ниско ниво. И десет денари да им воведете давачка е проблем да ја платат, а да не зборуваме за некои поголеми суми. Мислам дека напротив ќе создадеме еден процес во Република Македонија во кој што тие луѓе ќе си ги зголемат обврските кон државата, а од друга страна нема да добијат ништо возврат за своите пари. Затоа апелирам до колегите од мнозинството, бидјеки Владата нема слух за овие работи и покрај се да го подржат амандманот, да го избришеме воведувањето на овие нови давачки за стопанските субјекти и за граѓаните кои што живеат во ридско планинските подрачја и да дадеме рок на Владата во брзо време да понуди законско решени во кое што концептот ќе биде таа да се откаже од дел од своите приходи во централниот буџет и да го трансферира на единиците на локална самоуправа како би можеле сите општини рамномерно да добијат трансфер на средства и да ги зајакнат своите кадровски капацитети и финансиски капацитети, да ги решаваат проблемите во својата општина. Значи, апелирам на подршка за овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господинот Илија Димовски.

**Илија Димовски:** Благодарам претседателе.Чувствував потреба да продискутирам на оваа тема поради тоа што ја тангира локалната самоуправа како пробелматика, тема за која што многу пати дискутиравме во овој Парламент. Сметам дека е добро што се дискутира поради тоа што мора да се наоѓаат решенија и мора да се наоѓаат концепти за посистемски развој на локалната самоуправа во Република Македонија. Јас на почетокот би сакал да изразам еден мој став дека очигледно, како и за многу други работи ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ се разликува и јас сум среќен поради тоа. Се разликуваме во концептот за развој на проблематиката во делот на фианнсирање на единици на локална самоуправа. Колегата Дерковски пред малку се обиде да ј одбразложи нашата позиција, да ги понуди аргументите, меѓутоа настапите кои што следеа после колегата Дерковски не беа одговор на тезите кои што ги даде колегата Дерковски, туку беше едно клише кое што веројатно е спремено во некои други канцеларии кој што не е израз на автентично размислување на колегите пратеници, туку е политички концепт кој што мора да се протурка. Јас можам да честитам на политичката умешност на СДСМ, меѓутоа би изразил жалење, затоа што таа политичка умешност во континуитет 15, 16 години се употребува во негативна насока. Значи, нивната политичка умешност е насочена во деструктивност што веројатно за Република Македонија претставува проблем. Што е тоа што е суштински различно во пристапот за финансирање на единиците на локалната самоуправа кај претставниците на Владата и владеачкото мнозинство и од друга страна претставниците на опозицијата, односно во овој случај пратениците на СДСМ.

Прво, би сакал да потенцирам дека оваа постапка Владата на Република Македонија ја прави по иницијатива на заедниците на единици на локална самоуправа. Значи, иницијативата постои, сите сме живи луѓе. На та аиницијатива е потпишан господинот Андреј Петров, висок функционер во СДСМ, чинам член на централниот одбор на СДСМ. Не би сакал да размислувам дека колегите од СДСМ немаат конзистентен и добро изграден став по однос на финансирањето на единиците на локална самоуправа. Исто така, не би сакал да сметам дека има одреден степен на фракционерство внатре во СДСМ, па макар и на оваа тема.

Иницијативата потекнува од организација чиј претседател е член на СДСМ. Тука не треба да има забуна и не треба да има нервоза. Веројатно, јас како пратеник имам различни ставови од градоначалниците на ВМРО-ДПМНЕ. Тоа не е ништо страшно и нема потреба колегите од СДСМ да се нервираат на една таква позиција.

Јас кога зборував по однос на вашиот предлог за зголемување на зафаќањето во ДДВ и во персоналниот данок пред три месеци вие ме обвинивте мене дека јас немам координиран став со нашите градоначалници. Така да апсолутно не гледам причина за нервозата која што се појавува кај колегите од СДСМ.

Да одам понатаму. Иницијативата е од ЗЕЛС. Зошто сметам дека овој концепт што го одбрала Владата е позитивен. Има неколку работи кои што прават разлика меѓу концептот кој што го предлага Владата и концептот кој што го предлага опозицијата.

Првиот концепт нуди понатамошно осамостојување на единиците на локалната самоуправа и зајакнување на нивната независност од централната власт, што е интенција на демократијата и што е интенција на развојот на локалната самоуправа. Затоа правиме финансиска децентрализација, затоа правиме процесна децентрализација итн. Смислата е да им овозможиме на граѓаните на најниско ниво, на локално ниво да изградат капацитет, сами да решаваат за своите потреби. Тоа е концептот кој што го нуди Владата и владеачкото мнозинство.

Она што СДСМ преку нивните дискусии по овој Предлог-закон и по оној нивен Предлог-закон за зголемување на зафаќањата на ДДВ и на персоналниот данок, го нудеше, е натамошно продлабочување на зависноста на единиците на локалната самоуправа од централниот буџет.

Јас многу жалам што колегата Поповски не е тука. Самиот тој пред десетина минути потенцираше дека зависноста од централниот буџет на денешна состојба е некаде во соодност 8 спрема 1. И во исто време, истиот колега Поповски спомна дека тоа е добро и дека така треба да продолжиме да работиме, односно да ја зголемуваме зависноста на општините од централниот буџет, што е катастрофална постапка и катастрофално размислување ако сите имаме заеднички став дека треба да ја зајакнуваме самостојноста на единиците на локалната самоуправа.

Значи, тука не е прашање на политичка успешност да се пласираат тезите, туку е прашање на здрава логика. Концептот кој што власта го нуди е зајакнување на независноста на единиците на локалната самоуправа. И тоа, не е само изразено преку овој проект. Јас ќе ги потсетам колегите пратеници дека ова мнозинство во Собранието и оваа Влада донесоа закон за минерални суровини, каде што се предвидува 40% од цената на лиценцата да оди директно во Буџетот на единиците на локалната самоуправа. Значи, самостоен избор.

Исто така, направивме измени во Законот за занаетчиска дејност, каде што се оствари простор, многу поголем број на луѓе да се регистрираат како занаетчии, што досега не можеа, а тоа колегите од СДСМ знаат што значи во делот на персоналниот данок кој што го прибираат единиците на локалната самоуправа. 3%, или 100% од персоналниот данок ќе оди во буџетите на единиците на локалната самоуправа.

Значи, ова што го предлага Владата не е поединачен настан, туку е работа на еден концепт кој што треба да вроди со плод.

Не би се согласил со колегите од СДСМ дека ова е воведување на нов данок поради тоа што данок на имот и досега постоеше. Меѓутоа, не знам, граѓаните нека судат во деловните објекти, каде што се остварува профит, беа ослободени од плаќање на данок на имот.

Значи, некој ако има во центарот на Скопје хотел од 10 илјади квадрати, до сега не плаќаше данок за тој имот, а некој во населба Лисиче ако имаше стан од 30 квадрати плаќаше данок. Тука повторно не е прашање на политичка успешност на пласирање на тези, туку е прашање на здрава логика. Плус на тоа, давачката која се плаќа по основ на данокот на имот е сосема симболична. Тука се дигаат фанфари се прават популистички битки со власта, дека еве се воведуваат нови даноци, дека не знам што ќе се случи во Република Македонија, дека ќе запре наведените инвестиции итн. Меѓутоа, тоа повторно е во делот на политичката умешност на СДСМ, која за жал е деструктивна.

Во многу земји, да не речам во сите земји во нормалниот свет се плаќа на ваков начин данок на имот и веројатно, колегите кои што повеќе се занимавале од областа на финансиите, добро знаат дека и во препораките од меѓународните финансиси институции, скоро редовно е присутна и оваа забелешка. Така да, сосема е стабилно изграден концептот, кој што го нуди Владата.

Затоа, сметам дека законот кој што е понуден е добар, ќе значи натамошно зајакнување на независноста на единиците на локалната самоуправа, намалување на нивната врзаност со централниот буџет и зголемување на демократскиот капацитет на локалната самоуправа, што претпоставувам дека е заедничка цел на сите овде присутни. Ова што опозицијата го нуди, во овој случај сметам дека е само одраз на тоа што е опозиција. Благодарам претседателе.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Сега имаме 4 реплики. Тие четворица се господинот Оливер Спасовски, господинот Ацо Киров, госпоѓа Цветанка Иванова и господин Никола Ќуркчиев.

Предлагам, бидејќи времето одмина и бидејќи 4 реплики се 16 минути  и контра реплики 20

минути ќе продолжиме многу. Затоа предлагам по паузата да се продолжи таму каде се застана.

Објавувам пауза до 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи во 15,19 часот)

**Бесим Догани:** Продолжуваме со седницата.

За реплика се јави господин Оливер Спасовски, овелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Сакам за неколку наводи кои што ги истакна колегата Димовски, да му реплицирам.

Прво, добро е што е среќен што не сме исти со нив. Јас сум уште посреќен заради тоа што за разлика од СДСМ, вие им воведувате нови даноци на граѓаните на Република Македонија. Тоа го правите денес со овој закон, ќе го направите со Законот за комунални такси, за административни такси и заради тоа навистина човек треба да биде среќен да не бидеме исти во овој поглед. Тоа го ценат веројатно и граѓаните на Република Македонија.

Што се однесува дека ваквиот пристап на Владата во делот на зголемувањето на даноците е оправдан пред се заради тоа што иницијативата од страна на ЗЕЛС, господине Димовски, веројатно заборавивте дека вас не ве избраа градоначалниците, ве избраа граѓаните на Република Македонија. Заради тоа имате обврска да говорите за правата и интересите на граѓаните. Во секој оној момент кога им нудите ново решение за данок, што досега не го плаќале да го плаќаат, или данокот кој бил плаќан, сега се зголемува со тоа што ќе придодадете освен на административните згради да се плаќа на сите деловни простории, исто така е интерес кој што вие како пратеник избран од граѓаните на Република Македонија треба да го застапувате и да го браните.

Што се однесува на тоа дека ова е концепт на зајакнување на локална самоуправа, да, ќе беше тоа така, ако се јавевте за збор и подддржевте иницијатива за измена на Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, кога беше поднесена во Собранието и укажувавме дека заради немањето доволен капацитет на единиците на локална самоуправа нема доволно средства, а не заради тоа што е мала стапката на ДДВ и на персоналниот данок. Тогаш ако го поддржевте тој закон навистина ќе ви верував дека сакате да ја зајакнете локална самоуправа и сакате да придонесете процесот на децентрализација да биде успешен, кој благодарение пак на вас во овој период застана на нивото до кое беше дојден и полека но сигурно секој ден се повеќе се оддалечуваме од она што значи успешен проект на децентрализацијата во Република Македонија токму од овие причини. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Контра реплика од една минута господин Илија Димоски, повелете.

**Илија Димоски:** Благодарам потпретседателе.

Околу три работи колегата зборуваше. Прво, не само што не сме исти, дури и граѓаните тоа го знаат дека не сме исти и тоа е добро. Ќе повторам, јас сум среќен што не сум ист како било кој од СДСМ тука.

Во поглед на ова што го дискутираме денес, не е воведување нов данок, туку опфатот на данокот се менува. Го кажав примерот, ќе го кажам пак. Жител во Ново Лисиче со стан од 30 квадрати плаќа данок на имот, а сопственик на хотел од 10 илјади квадрати во центарот на Скопје не плаќа данок на имот. Мора да има еднаквост, таму каде што се остварува профит мора да се плати данок.

И трета работа, да ве потсетам, 2003 година кога го зголемивте ДДВ за десетина гранки во Република Македонија од 5% на 18%. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Димоски.

Следна реплика за господинот Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Ви благодарам потпретседателе.

Ќе му реплицирам на колегата Димоски на неговото излагање. Тој рече дека претседателот на ЗЕЛС господинот Андреј Петров има друг став и овде мавташе со еден лист на кој тој е потпишан, односно го покажуваше ставот на ЗЕЛС.

Колега Димоски, разликата кај нас во СДСМ е тоа што ние во нашата партија имаме демократија, можеме да размислуваме различно, а не сме како вас, еден да мисли, а сите останати да го спроведуваат тоа што тој мисли. Тука има голема разлика нашата партија е демократска и претседателот на ЗЕЛС не може да застапува партиски интереси затоа што тој е претседател на ЗЕЛС и ќе ги застапува интересите на ЗЕЛС, односно функцијата на која е назначен. Така и треба да се работи, и да не е тој, и да биде некој друг, и тој што ќе го наследи секогаш да се застапуваат за тоа за што се назначени. Како што знаете, во ЗЕЛС има градоначалници од сите политички партии, но најмногу од СДСМ и од ВМРО ДПМНЕ и добро е што Андреј Петров професионално си ја врши својата работа. Тука, нема што да мешаме партиски работи дека тој мислел едно, односно се потпишал, а ние пратениците од СДСМ зборуваме против воведување на овие оданочувања на деловните и општинските згради.

Второ, често пати во вашите настапи кога зборуваме за локалната самоуправа секогаш спомнувате кои се изворите за финансирање на општините и неколку пати спомнувате ете, ние донесовме закон, мислам на овој Парламент, за воведување на минералните суровини. Тоа го кажувате три четири пати и тоа е добро, но сакам некогаш да бидете и самокритични, да кажете дека одредени одлуки на Владата не се добри и овде од вас да слушнам да ја критикувате Владата, без оглед какви одлуки донесува, затоа што знам дека вие обратно мислите, но не

смеете тоа јавно да го кажете на говорница. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Киров.

Контра реплика од една минута за господин Димоски, повелете.

**Илија Димоски:** Добро, колегата можеби сака и Владата да падне, меѓутоа, нема да му се оствари таа желба апсолутно.

Да почнам од почеток. Во СДСМ не знам дали има демократија или има фракција, меѓутоа, тоа е внатрешна работа и нема потреба да дискутираме сега дали има или нема демократија во СДСМ. Тоа е внатрешно прашање, јас ќе се дистанцирам од една таква дискусија.

Номинално, бројот на градоначалници кои што ги има СДСМ во ЗЕЛС е поголем од оној на ВМРО ДПМНЕ. Тие застапуваат нечиј став. Потпишан е господинот Андреј Петров, на една иницијатива за донесување токму на ваков закон, дури и малку повеќе побарал, меѓутоа, за тоа потоа ќе дискутираме. Апсолутно е легитимно господинот Андреј Петров да го бара тоа. Значи моето прашање беше зошто имаме разлика во ставот на Андреј Петров како член на централниот одбор на СДСМ со она што претставува пратеничка група на СДСМ. Толку беше, не сакам да ме сфатите никако погрешно. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Реплика од три минути има госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине потпретседателе.

Како повозрасна и поискусна пратеничка би сакала да го посоветувам колегата Илија да не се обидува да брани нешто што воопшто не се брани. Точно и ние сме се наоѓале во претходниот состав во такви ситуации, но не сме се обидувале по секоја цена да одбраниме нешто што навистина не се брани. А ова навистина не се брани.

Би го повикала колегата Димовски да дојде во мојата изборна единица, иако е од ИЕ 3, нека дојде во ИЕ 4, и еве го повикувам во село Костурино каде што постојано ги добиваат изборите, да кажам дека ние добиваме таму многу малку гласови и нека им објасни дали не претставува ова за нив нова давачка, бидејќи граѓаните од село костурино до сега со постојниот закон како населба од ридско-планинско подрачје не плаќаа данок на имот на своите станбени згради. Јас ќе бидам многу задоволна ако успее таму да објасни дека ова не е нова давачка и дека нема нова давачка за нив, ама не ќе може, затоа што граѓаните ќе знаат дека до денес не плаќале, а од денот на влегувањето во сила на овој закон овие граѓани ќе плаќаат данок на имот на своите станбени објекти.

Околу концептите нешто би сакала да кажам, дали имаме различни концепти. Колегата Димоски сака да каже дека ние сме умешни политички и да, тоа се бара од нас, но не сме деструктивни, затоа што нашиот концепт е јасен: Ние ја воспоставивме децентрализацијата, ние го донесовме пакетот за децентрализација и ние започнавме со успешна децентрализација. Тоа беше нашиот концепт и тие треба само да го продолжат. Но, за жал, наместо да се продолжи тоа, нивниот концепт е немање на концепт во оваа сфера и погазување на обврските што си ги преземаа пред изборите, наместо намалување на даноците воведување на нови даноци.

И уште нешто да кажам, додека ние го градевме концептот и го донесувавме пакетот на закони за децентрализација, нивниот концепт беше демонстрирање на сила, изразување на револт и незадоволство, не поддршка на овој процес, за да овој процес сега го прифатат како свој, дури и дезавуиран. Значи, околу концептите сме јасни, околу деструктивноста сме јасни, знаат граѓаните кој како се однесувал и кој колку деструктивно се однесувал особено во овој процес, затоа што сеуште памтиме што се случуваше во моментот кога ги донесувавме овие закони и го воспоставувавме нашиот концепт. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Иванова.

Контра реплика од една минута за господин Илија Димоски, повелете.

**Илија Димоски:** Благодарам потпретседателе.

Почитуваната колешка Иванова направи помешување на два термини кои апсолутно еден со друг не мора да одат и не мора да имаат истозначна насока, како што и колегата Поповски преескa направи, односно поистоветување на зборот децентализација со поимот територијална организација или територијална поделба на општините во Република Македонија и јас би замолил да не прават забуни во јавноста поради тоа што едното со другото апсолутно може да не оди.

Втора работа, во однос на деструктивноста мислам дека граѓаните на Република Македонија имаа прилика ова ново СДСМ да го видат во последните осум месеци дали е деструктивно, дали е конструктивно, дали помага Република Македонија да оди побрзо кон НАТО и ЕУ, дали одмага, дали кочи или не кочи, за тоа граѓаните можат да пресудат колешке, а ние можеме само наши ставови да соопштуваме. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Димоски.

За последна реплика се јави господин Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам потпретседателе.

Почитуван колега, навистина мислам дека непотребна беше вашата дискусија денес и не знам зошто воопшто се обидовте да докажете дека е добро овој закон да биде донесен. Спомнавте се и сешто, а најмалку зборувавте за законот. Мислам дека се обидувте на еден лош начин да покажете политичка умешност со тоа што ќе зборувате за тоа дали ќе падне Владата

или не, а тоа е утре на дневен ред, не е денес, дали има демократија во СДСМ или не.

Почитуван колега, кога се работи за закон, а Законот мора да го почитуваат граѓаните во Република Македонија и тоа да важи за сите, за овие два или три дена докажавме и покажавме дека со нашите амандмани сакаме да донесеме закони во интерес на граѓаните на Република Македонија. Сакавме да покажеме и да го направиме дури и овој закон, кој што е штетен за граѓаните, да биде подобар од ова што е понудено. Оставете не да го кажеме нашето мислење за нашите амандмани и нашето мислење за законите. Инаку, ако сакате да зборувате за социјалдемократските принципи, умешноста или неумешноста наша, ја кажавме веќе во делот на даночната правда. СДСМ има принцип и ќе се залагам секогаш за тоа дека оној кој има помалку треба и да плаќа помалку, оној кој има повеќе или е богат, треба и да плаќа повеќе. И да зборуваме за законот, а да не зборуваме за работи кои апсолутно не го тангираат истиот.

Инаку, децентрализацијата на власта е процес. Тој не завршува ниту започнува со овој закон. Допрва ние ќе зборуваме за фискалната децентрализација, за фискалната автономија на општините и како и на кој начин можат да се полнат буџетите на општините. Меѓутоа, многу е лесно да го наполниш општинскиот буџет ако ја имаш поддршката на централната власт.

Затоа, почитуван колега, да зборуваме со аргументи, да зборуваме за она што треба да зборуваме, да ги оставиме политичките работи или она што не треба за некоја друга прилика.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Ќуркчиев.

За збор се јави министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Јас ќе бидам краток, како одговор на неколку од овие реплики. Сакам да го спомнам следново:

Не треба да бидеме загрижени дали оваа промена во Законот за даноците на имот задоволува и некои принципи на правичност, како што беше спомнато во претходната дискусија. Таа задоволува. Сега, неколку акционери што имаат во сопственост скапи хотели во центарот на Скопје, неколку акционери кои имаат голем удел во сопственоста на претпријатија, каде што располагаат со десетици илјади квадратни метри деловен простор, низ територијата на Република Македонија итн., конечно ќе плаќаат данок на имот. А не, да е тоа оставено на најсиромашните граѓани кои живеат на периферииите на градовите.

Второ, должам одговор на една прозивка на господинот Спасовски дека наводно, жителите во места како што е Козјачието, а беше спомнато и, сега не се сеќавам, Костурино, некое друго населено место, каде што навистина живее население со релативно скромни приходи и скромни средства врз кои ќе се применува сега овој данок, да спомнам дека три-четири пати се намалува основицата за по 50% во овие населени места.

Значи, 50% од проценетата вредност, односно некоја претпоставена пазарна вредност заради тоа што тие живеат во своите домови.

Понатаму, затоа што се работи за селски населби во ридско-планински подрачја, на тоа уште 50%, а особено овие подрачја се вклучени во подрачја кои се недоволно развиени и на тоа уште 50% и јас ќе изнесам една малку порадикална теза.

Зошто, господине Спасовски да им го одземете првото на овие луѓе да се чувствуваат како рамноправни граѓани на Република Македонија? Верувајте јас мислам дека тие ќе бидат горди да плаќат 150 денари или 200 денари годишно и ќе имаат документ. Знаете колку им значи решение или документ на овие наши граѓани кои живеат во зафрлени места, кои никој никаде ги нема регистрирано? Тоа останува за генерации. Тие ќе имаат доказ дека биле економски патриоти, дека плаќале данок на државата. И, можеби, по десетици години, кога тие имоти ќе останат во наследстсво, тие решенија кои ќе бидат по 150-200 денари годишно данок на имот, навистина ќе биде еден документ со што ќе се доставува сопственоста.

Ова право, во никој случај на овие граѓани ние не смееме да им го ускратиме. Гледајте малку и поинаку. Не е данокот само намет од кој што сите бегаат. Доколку е правичен и праведно распореден, луѓето сакаат да го плаќаат, затоа што се чувствуаат рамноправни граѓани. Секој сака да придонесува, затоа што по нешто каде и да живее, добива од државата Република Македонија. Луѓето, во принцип, се економски патриоти, со исклучок на оние моменти кога не се убива нивниот економски и друг патриотизам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине министер.

За реплика, верувам, се јавија Никола Ќуркчиев, Спасовски Оливер, Киров Ацо, Николов Марјанчо.

Процедурално збор бара Димоски Илија пред тоа, повелете.

**Илија Димоски:** Потпретседателе,

Јас пред една недела или две недели реагирав на ваквата востановена пракса да се губи редот на реплики и контрареплики. Тоа не е дел од Деловникот. Тоа е дел од воспоставена парламентарна пракса.

Повторно би сакал да ја искористам приликата да укажам дека таквиот начин, ова е веројатно повеќе години, значи беше така и во претходниот парламентарен состав, она што сум го гледал. Се губи смислата на контрарепликата, што јас треба да му ја дадам контрарепликата на господинот Ќуркчиев, после 20 минути од дискусија.

Би сакал до вас, како потпретседател и како член на претседателството да ви укажам да го разгледате овој момент, поради тоа што многу

пати во овие осум-девет месеци се појавува како ситуација.

Ви благодарам. Ќе го задржам правото, когатогаш да одговорам. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Димоски.

Вие знаете дека, според Деловникот, министерот секогаш има право да земе збор откако ќе се пријави. Автоматски репликата добива предност кон контрарепликата, така што тоа е тоа.

Ве разбирам, но тоа е праксата, тоа е поврзаноста што ја имаме со денешниот Деловник.

Одиме по ред.

Господинот Никола Ќуркчиев за реплика на говорот на министерот за финансии, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам.

Почитуван министер,

Драго ми е што конечно се разбравме, што мислиме исто. И јас сум и ние сме за тоа да некој кој има хотел, два или три, нека има и 10 во центарот на Скопје, дека треба да си ги дава давачките кон општтството. Апсолутно нема ништо спорно во целава работа.

Меѓутоа, и сами зборувате дека ќе се поделли документ. Со тој документ граѓаните во Република Македонија ќе треба, ќе имаат давачка плус, не давачка помалку. Тоа е првата работа. Особено, зборуваме за ридско-планинските подрачја, особено зборуваме за неразвиени краеви. Инаку, знаете, доделување на права без финансиско покривање, е тоа е празна демагогија.

Апсолутно, велам дека има елементи, децентализацијата на јавните финансии мора да оди внимателно. А, треба да оди. Меѓутоа, да оди навистина внимателно, да не доведе до зголемување на даночното оптоварување на граѓаните кои и така се наоѓаат во лоша социјална положба.

Ценам, дека со вашата дискусија ми дадовте за право да помислам дека амандманите што следуваат од наша страна ќе бидат прифатени и ќе го подобриме овој ваш Предлог-закон. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Ќуркчиев.

Следен за реплика е господинот Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Почитуван министре,

Благодарам за одговорот што го дадовте. Тоа село што ви спомна колешката, не се наоѓа воопшто во вашата изборна единица. Мислев дека барем според имињата ќе ги знаете местата каде ве водеа за време на изборната кампања.

Навистина, одговор дека на ваков начин им овозможувате на граѓаните да се чувствуваат порамноправни во Република Македонија со тоа што ќе воведете нова давачка во 2008 година и ќе им пратите решение со што ќе ги задолжите со стапка на данок, не е рамноправност.

Рамноправност е да одделите средства од Буџетот, да им воспоставите инфраструктура, да имаат вода за пиење, да имаат патна инфраструктура, онака како што имате и вие и јас. Тоа е рамноправност. Тие граѓани тоа го очекуваат точно од вас, а не да ги направиме економски патриоти за да можеме некоја давачка, што ја немале до сега плаќано, да ја плаќаат понатаму и дека тоа било во интерес на граѓаните.

Ви реков, повторно се служите со тезата дека на граѓаните им е многу добро во Република Македонија, само што тоа тие не го знаат. И, сега, ќе им воведеме уште една давачка за да им стане уште подобро. Затоа велам дека во целата оваа расправа немате аргументи ниту да ги понудите пред пратениците, немате аргументи со кои што ќе можете ова законско решение да го одбраните во јавноста, во Република Македонија и кај граѓаните. Навистина, би било добро да прошетате уште еднаш во тие места и да кажете дека со воведувањето на овјо данок и со решенијата, со кои што ќе ги задолжите со данок, ќе ги направите порамноправни, а не дека ќе обезбедите финансиски средства за да и тие имаат инфраструктура, онаква каква што имаме и јас и вие и ќе ги уживаме благодетите од она што значи урбана средина. Тогаш ќе можеме да кажеме дека граѓаните на Република Македонија и посебно на оние места што ги спомнав ќе бидат рамноправни.

А инаку, сопственоста во Република Македонија нема да се докаже со решението со данок. Тоа се запишува во Катастар, има имотен лист за таа работа. Мислам дека таков начин за давање на изјави или аргументи дека со плаќањето на данок ќе послужи во делот на сопственоста, апсолутно не држи. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Спасовски.

Следен за реплика е господинот Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам господине потпретседателе.

Еве, јас ќе бидам краток, ќе му реплицирам на министерот, бев испровоциран од неговите зборови дека граѓаните, конкретно се однесуваше за едно населено место, сега ќе биде оданочено, дека ќе бидат горди поради тоа што ќе бидат оданочени и ќе бидат патриоти на Република Македонија, со тоа што ќе плаќаат, како што рече министерот 150-200 денари.

Јас, во тоа, почитуван министре се сомневам дека луѓето односно семејствата во овие населени места кои до сега не биле оптоварени со овој данок, ќе бидат горди. Можеби да, вие рековте 150-200 денари не се многу пари, а јас знам дека нема да бидат 150 и 200 денари. Туку, ќе бидат повеќе. Ќе бидат некаде околу 500-600 денари, зависи, од 400 до 600 денари по куќа и

само за еден пример тоа го кажувам и се јавив за реплика кога рековте дека ќе бидат горди.

Нема да бидат горди и секако не дека тоа ќе им биде кој знае колку големо оптоварување. Но сепак, народот, од многу давачки што му се накалемени, не би сакал ниту овие пари да ги плаќа. Еве зошто?

Јас бев во мојата општина една ипол година и со децентрализацијата моравме стапката да ја зголемиме, поради тоа што имаме таму заеднии служби со три општини: Василево, Ново Село и Босилево, па бидејќи беа за усогласување на процентот од 0,10, кога беше на државно ниво, го зголемивме на 0,15%. Значи, доаѓаше, ако порано било 400 денари сега 600 денари. А, од контактите со населението во мојата општина, многу луѓе беа револтирани поради тоа што сме ги покачиле стапките од 0,10% на 0,15%. А, се работеше токму толку за колку што вие сега рековте. Некаде за 200 денари, обично некоја куќа 10х10м2, 400 денари била според поранешната стапка давачката, а сега 600 денари. Навистина имаше реакција и мислам дека овие кои до сега не плаќале, како село Костурино, село Дрвош и тн. во струмичкиот регион говорам, нема баш да бидат воодушевени и нема да бидат горди, а најмалку патриоти, затоа што треба да плаќаат 200-300-400 денари. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Киров.

Сега, контра реплика на господинот Илија Димовски, обратена кон репликата на господинот Ќуркчиев.

**Илија Димовски:** Благодарам потпретседателе.

Можеби неговата дискусија најмалку требаше да биде насочена кон мене поради тоа што во овие 8-9 месеци мислам дека покажав дека знам да поздравам здрава дискусија. Знам да поздравам реална и конструктивна дискусија и тоа сум го правел во овој период. Меѓутоа, исто така немам влакна на јазикот да кажам кога имам чувство дека опозицијата намерно ги кочи работите, да го соопштам тоа пред граѓаните, иако тие многу подобро го чувствуваат од нас тука во Парламентот.

По однос на оние неколку работи што беа кажани, јас не зборував за демократијата на СДСМ. За тоа дискутираа колегите пратеници од СДСМ.

И, во делот на социјалдемократската идеологија и личност, ќе го потсетам господинот Ќуркчиев, дека сопствениците на големи капитали во центарот на Скопје, како хотели, фабрики и тн. не плаќаат данок. Ако ова не е во насока во правичност на оданочувањето, човек од Ново Лисиче со стан од 30 квадрати плаќа данок, а некој со хотел или фабрика од 10 илјади не плаќа данок, не знам што е друго даночна правдина. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Димовски.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање, би ги повикал сите пратеници кои се надвор од салата да влезат во салата.

Ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат за да можеме да продолжиме со работа.

(Пратеници влегуваат во салата).

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите доставуваат точен број на присутни пратеници во салата).

Бидејќи во салата нема доволен број на присутн пратеници за да продолжиме со работа, тука ја прекинувам седницата.

Продолжуваме утре со новата 48-ма седница. Ви благодарам.

(Седницата прекина со работа во 15,52 часот)